14. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за прво тромесечие во 2011 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

15. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Свети Николе во текот на 2011 година. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување.

II.3. Трето тромесечие – период Јули Септември 2011 година

1. Локален акционен план за животна средина
Изработува: Стручни служби при општинската администрација со НВО
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Програма за прославување на "Свети Николај".
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

3. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за второ тромесечие во 2011 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

4.Информација за реализација на проектите кои се реализирани со средства од донации.
Изработува: Одделение за урбанизам и комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај на ревизорот за 2010 година.
Изработува: Внатрешен ревизор
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

6. Информација за наплата на комуналните такси во 2010 година.
Изработува: Одделение за финансии, даноци и ЛЕР
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

II.4. Четврто тромесечие период Окотмври Декември 2011 година

1. Информација за почетокот на школската година, состојбите во претшколиските установи и основните училишта.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Годишни програми за работа на:
- ОУ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе за 2011/2012 година.
- ОУ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2011/2012 година.
- ОУ ,,Даме Груевс,, Ерџелија за 2011/2012 година
- УСО ,,Кочо Рацин,, Свети Николе за 2011/2012 година
- Детска градинка ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе за 2011/2012година

- Дом на Културата ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2011/2012 година
- Народен музеј Свети Николе за 2011/2012 година.
Изработуваат: Општинските јавни установи.
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.

3. Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Свети Николе за 2011/2012 година
Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

4. Извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за третото тромесечие во 2011 година.
Изготвува: Одделение за финансии и буџет
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

5.Буџет на Општина Свети Николе за 2012 година
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

6. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2012 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

7.Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2012 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

8.Програмата за изградба , реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2012 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

9.Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година.
Изработува: Одделение за урбанизам.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

10.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2012 година
Изработува:Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

11.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2012 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

12. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО секторот за 2012 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

13.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2012 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

14. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2012 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

15.Програма за прославување на Свети Никола патронот на град Свети Николе.
Изготвува: Одбор за одбележување на празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2011 година, која се однесува во донесување на

нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2011 година.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2011 година, Советот на Општина Свети Николе ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат во тековното работење.

Извршувањето на програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

Бр.0701- 900
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишна програма на Општинската установа Народен Музеј Свети Николе за 2011 година

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма на Општинската установа Народен Музеј Свети Николе за 2011 година бр. 0701 - 901, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/20
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 12. 2010 година донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма на Општинската установа Народен Музеј Свети Николе за 2011 година

1. Се усвојува Годишна програма на Општинската установа Народен Музеј Свети Николе за 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

Бр.0701 - 901
29.12. 2010година
Свети Николе

Претседател,
на Совет на Општина Свети Николе
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работата на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Петков Мисирков,, за 2011 година со финансов план

Се објавува Заклучок за усвојување на Програма за работата на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Петков Мисирков,, за 2011 година со финансов план бр. 0701 - 902, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/21
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29. 12. 2010 година донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за работата на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Петков Мисирков,, за 2011 година со финансов план

1. Се усвојува Програма за работата на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Петков Мисирков,, за 2011 година со финансов план.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

Бр.0701 - 902
29.12. 2010година
Свети Николе

Претседател,
на Совет на Општина Свети Николе
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА
за уредување на градежно земјиште на подрачјето
на Општина Свети Николе во 2010 година

Се објавува ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2010 година бр. 0701 - 903, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/22
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на Р.М.” бр. 82/2008), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(„Службен весник на Р.М.” бр. 88/09), член 15 од Статутот на Општина - Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 01/.2006 и Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачето на Општина Свети Николе во 2010 година бр.0701-809 од 24.12.2009 Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА
за уредување на градежно земјиште на подрачјето
на Општина Свети Николе во 2010 година

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување;
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфрастурктура;
IV. Изворите на финансирањето на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
VI. Подрачја за уредување на градежно земјиште;
VII. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба;
VIII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
IX. Преотстапување на простор;
X. Надомест за изградба и реконструкција на комунални објекти на територијата на општината;
XI. Уредување на градежно земјиште во неурбанизирани селски населби;
XII. Динамика и извршување на Програмата;
XIII. Преодни и завршни одредби.

I.ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изградено и неизградено земјиштен а просторот на Општина Свети Николе, прогласен како градежен реон.

II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште се подразбира:

II – 1 Подготвителни работи и

II – 2 Расчистување на градежно земјиште

II – 1 ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

- Оформување на геодетска документација.
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II– 2 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиштен а градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежно земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покушнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктура, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежно земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

III – 1 Основен степен на уреденост претставува опременост со:

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на електрична мрежа;
- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација.

III– 2 Дополнителна опременост на земјиштето:

- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;
- изградба на атмосферска канализација и
- изградба на јавно осветлување.

Секој вид од објектите од ИИИ-1 и ИИИ - 2 претставува еден степен на уреденост на градежно земјиште, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:

а.) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

- основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни водоводи за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило.

б.) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Свети Николе, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физичко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства, но не подолго од пет години по целосната уплата на средствата од страна на инвеститорот.

1II – 4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститорот).

Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учество во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЕВН - Скопје, КЕЦ - Штип.

Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.

Трошоците за пресметување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за пресметување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган ги сноси корисникот на земјиштето.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ПРИХОДИ - РАСХОДИ

	ПРИХОДИ	Буџет 2010	Ребаланс 2010
1.	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	4.938.926	2.886.000
2.	Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини	600.000	450.000
3.	Приходи од јавно осветлување	9.000.000	9.900.000
4.	Приходи од продажба на градежно земјиште	12.000.000	3.000.000
5.	Приходи од закупнина на имот на општина Свети	1.501.074	1.001.074

	Николе		
6.	Други неданочни приходи на општината	3.620.000	2.347.685
7.	Трансфери од Буџетот на Р. Македонија	24.000.000	5.149.000
8.	Донации	6.000.000	0.00
	ВКУПНО	**61.660.000**	**24.733.759**

			Буџет	Ребаланс 2010	Донации 2010	Ребаланс 2010
Ф		**УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ**				
Ф1	**Ф10**	**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**				
		ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место - Урбанистичко архитектонски проекти и ревизија на горе наведените	1.500.000	1.500.000		
Ф2	**Ф20**	**УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**				
		Експропријација	1.500.000	800.000		
		Геодетски услуги	500.000	0.00		
		Надзор на изведбени работи во инфраструктурата и проектната документација	500.000	350.000		
		Вкупно Ф	**4.000.000**	**2.650.000**		

			Буџет 2010	Ребаланс 2010		
Ј		**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**				
Ј0	**Ј0**	**ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**				
		Фарбање на жардињери	10.000	10.000		
		Санација и фарбање на клупи во парк и плоштад	10.000	10.000		
		Фарбање на мостовски констрикции	10.000	10.000		
			30.000	**30.000**		
Ј1	**Ј10**	**СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА**				
		Реконструкција на водоводна линија на ул. Македонска	250.000	0.00		
		Реконструкција на водоводна линија на ул.Скопска	300.000	0.00		
		Реконструкција на водоводна линија на крак од улица К.Мисирков, (од Т.Кочиев кон Горги цуце)	250.000	0.00		
			800.000	**0.00**		
Ј2	**Ј20**	**ОДВОДНУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**				
		Реконструкција на колектор Центар - Каракански бавчи	1.000.000	0.00		
		Поврзување на Собрание до колектор - Мост	500.000	0.00		
		Изградба на канализација кај роми на Рудина				
		Изградба на колектор - Сточен Пазар- средства од Фонд за води		4.000.000	3.700.000	
		Реконструкција на речно корито на Горобинска река	500.000	0.00	2.300.000	
			2.000.000	**4.000.000**	**6.000.000**	**0.00**
Ј3	**Ј30**	**ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**				
		Јавно осветлување - потрошувачка на ел.енергија	4.500.000	4.500.000		

		Одржување на јавно осветлување во градот и селата	350.000			
		Набавка на репро материјал	350.000	350.000		
		Новогодишно осветлување	50.000			
		Реконструкција на електро водови низ градот	300.000	354.000		
			5.550.000	**5.204.000**		
Ј4	**Ј40**	**ЈАВНА ЧИСТОТА**				
		Чистење на јавно прометни површини(околу згради)	1.000.000	500.000		
		Чистење на други зелени површини		1.100.000		
		Акции и капитал	4.000.000	0.00		
		Уредување на платоа за контејнери	30.000	30.000		
		Изработка на заштитни мрежи за контејнери	30.000	30.000		
			5.260.000	**1.660.000**		
Ј5	**Ј50**	**ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**				
		Организирање и уредување на постојки за патници	100.000	0.00		
			100.000	**0.00**		
Ј6	**Ј60**	**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ**				
		Поставување на лежечки полицајци	300.000	300.000		
		Набавка ан материјали за специјална намена-знаци за регулирање на сообракајјот	300.000	300.000		
		Чистење на градското речно корито (2 пати во годината)	0.00	350.000		
		Одржување на автопати, улици и патишта	500.000	200.000		
			1.100.000	**1.150.000**		
Ј7	**Ј70**	**ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**				
		Изградба на парковски површини со детски игралишта	500.000	650.000		
		Одржување на зелени површини околу зградите	150.000	0.00		
		Отстранување на исушени дрвја во градската средина и парковите	20.000	20 .000		
		Хортикултурно уредување	50.000	0.00		
		Пошумување	30.000	0.00		
			750.000	**670.000**		
Ј8	**Ј80**	**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**				
		Осигорување на недвижности и права	250.000	250.000		
		Ерадикација на животни скитници и дератизација	50.000	0.00		
			300.000	**250.000**		
ЈД	**ЈД0**	**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ**				
		Реконструкција на Плоштад илинден – плато пред Уни банка и простор позади Домот на култура и санација на ударни дупки	2.000.000	2.500.000		
		Изградба на на ул.„Вера Цирививри”и ул.„Кочо Рацин” со посебено	5.000.000	4.500.000		

		сообракајно решение за кружен ток				
			7.000.000	**7.000.000**		
ЈЕ		**ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**				
		Изградба на паркинг плац кај Стопанска банка	2.300.000	350.000		
			2..300.000	**350.000**		
ЈФ	**ЈФ0**	**ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**				
		Други материјали за специјална намена	620.000	620.000		
			620.000	**620.000**		
ЈГ	**ЈГ0**	**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**				
		Алтернативно водоснабдување на град	22.000.000	0.00		
		Изградба на Водовод село Мустафино-средства од фонд за недоволно развиени подрачја	0.00	1.149.759		
			22.000.000	**1.149.759**		
ЈИ	**ЈИ0**	**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**				
		Реконструкција на дел од влезна партија во прочистителна станица, испуст во речно корито, суви полиња	500.000	0.00		
		Изградба на атмосферска канализација на ул.„Питу Гули “(кај Стамен) и „Кочо Рацин “(кај Дардо)	500.000	0.00		
		Реконструкција на атмосверски канал од шахта кај Гоче – слаткара до центар на град	500.000	0.00		
		Реконструкција на канализација од градски пазар до колектор до река	800.000	0.00		
			2.300.000	**0.00**		
ЈЈ	**ЈЈ0**	**ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИИ**				
		Расчистување на диви депонии	150.000	0.00		
		Рекултивирање на градската депонија „Љубин дол	350.000	0.00		
		Уредување на простори за депонирање во селата	200.000	0.00		
			700.000	**0.00**		
ЈК	**ЈК0**	**ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**				
		Набавка на канти за смет 1/60	100.000	0.00		
			100.000	**0.00**		
ЈМ	**ЈМ0**	**ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**				
		Уредување на парковска површина во склоп на „сточен пазар”	550.000	0.00		
			550.000	**0,00**		
ЈН	**ЈН0**	**УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**				
		Набавка и оставување на клупи за седење	150.000	0.00		
		Набавка и поставување на опрема за	20.000	0.00		

		весници				
		Набавка и поставување на цветни жардињери	30.000	0.00		
			200.000	**0,00**		
		ВКУПНО ЗА Ј - ПРОГРАМА	**51.660.000**	**22.083.759**		
		ВКУПНО Ј И Ф - ПРОГРАМА	**55.660.000**	**24.733.759**	**6.000.000**	**0.00**
		Вкупно	**55.660.000**	**24.733.759**	**6.000.000**	**0.00**

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција.

VI . ПОДРАЧЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште во град Свети Николе е поделено на 2 (две) зони според местоположбата во однос на централното градско подрачје.

Простирање на зоните е следното:

1.Подрачјето на 1-ва зона го опфаќа просторот помеѓу улиците:

Тргнувајки од раскрсницата помеѓу улица "Младинска" и „Карпошева", по улицата „Младинска" до спој со улица „29-ти Ноември", десно по улица „29-ти Ноември" до спој со улица „Јанко Глигоров", лево по улица „Јанко Глигоров" до спој со улица „Вељко Влаховиќ", десно по улца „Вељко Влаховиќ" се до сервисот „Бацоц", десно преку мостот на „Светиниколска река" до улица „Маршал Тито" (Дистрибуција), десно по улица „Маршал Тито" до спој со улица „Гоце Делчев" лево по улица „Гоце Делчев" со спој со улица „11-ти Октомври", десно по улица „11-ти Октомври" до спој со улица „Септемвриска", лево по улица „Септемвриска" до спој со улица „Крсте Мисирков", десно по улица „Крсте Мисирков" до спој со улца „Овчеполска", по целата должина на улица „Овчеполска" до спој со улица „Питу Гули", десно преку мост (кај Дардо) до улица „Кочо Рацин", по улица „Кочо Рацин" до спој со улица „Крсте Мисирков" и лево со улица „Крсте Мисирков" до раскрсница со „Младинска" и улица „Карпошева"

Надоместокот за прва зона останува како во програмата донесена за 2011 година

2. Подрачјето на 2-ра зона го опфаќа просторот ограничен со улиците:

Целиот друг простор на градот, освен површината опфатена во прва зона, населбата „Рудина" и населбата „Ливади"

Надоместокот за втора зона изнесува:

Како за втора зона донесена со програмата за 2011 година.

4. Како посебно подрачје ќе се земе просторот на новоформираните населби Рудина и Ливади

ВИИ
Висина на комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Свети Николе

Трошоците за уредување на градежното земјиште во сите зони зависат од потребите и можностите согласно ДУП за вклучување на нови објекти; доградби и надградби, како и потребите од инсталации и пристапи до истите, односно во зависност од степенот на уредувањето. Пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр.88/2009), ќе се пресметуваат и тоа:

1. За станбени објекти:
- станбени повшини, 1,0,
- станбени простории со висина до 2,50м, потпокривен процтор,
- лоѓија затворена од три страни, 0.4.
- подлогија затворена од две страни,0,3,
- балкони, тераси, 0,2,
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2,
- помошни простории,остава за гориво, котлари, визба , 0,3,
- трафостаници од 35 Кв во објектот и надвор од ојектот, 0,3,
- скалишен процтор и заеднички комуникации, 0,3,
- стражарница, управител, простории за одмор, 0,5,
- паркиралиштаи гаражи, 0,1.

2. За деловни јавни производни објекти:
- простории, 1,0,
- магацини, 0,5,
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3,

- трафостаница до 35 Кв во објект и надвор од објект, 0,4,
- скалдишен процтор и заеднички комуникации, 0,5,
- паркиралиштаи гаражи, 0,1,
- лоѓија затворена од три страни, 0,5,
- лоѓија затворена од две страни, о. 3,
- балкони, тераси, 0,4 и
- отворен наткриен процтор, о,3.

3. За други објекти:
- катни гаражи, о,2,
- спортски покриени објекти, о,5,
- спортски откриени објекти,0,3,
- бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0,
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0,
- базени, 0,2,
- трафостаници над 35 Кв, 1,0.

(2) По исклучок од став (1) на овој член , во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуват површините на:
- зидови и другите конструктивни елементи,
- инсталационите канали,
- окната на лифтови,
- окна на врати и
- отворени паркиралишта.

Врз основа на тоа висината на надоместокот е даден по зони пооделно:

ЗОНА - 1

1	комунален надоместок по основ на корисна станбена површина за новоградби, доградби и надградби	1.550,00 ден/м^2
2	Комунален надоместок по основ на корисна деловна површина за локации со неуреден партер, со обезбеден пристап и инстелации	2.900,00 ден/м^2
3	Комунален надоместок по основ адаптација од корисна станбена површина во корисна деловна површина	1.350,00 ден/м^2

ЗОНА - 2

1	комунален надоместок по основ на корисна станбена површина за новоградби, доградби и надрадби	1.450,00ден.м/^{2}
2	Комунален надоместок по основ корисна деловна површина за локации со неуреден партер, со обезбеден пристап и инстелации	2.300,00 ден/м^2
3	Комунален надоместок по основ на адаптација од корисна станбена површина во корисна деловна површина	850,00 ден/м^2

Населба „ЛИВАДИ” и „РУДИНА”

За новоформираните населби „Ливади” и „Рудина” ќе важат цените од 1 зона поради тоа што во истите има најголеми трошоци за инфраструктурно уредување.
Со оглед на тоа, што веќе има изградени објекти за кои ќе се води постапка за легализација, а кои имаат дел од инфраструктурата (водовод, канализација, електрика) наведената сума ќе се корегира доколку инвеститорите имаат писмен доказ за сопствени учество во постојните водови.

ИНДУСТРИСКА ЗОНА

Комунален надоместок по основ корисна деловна површина изнесува 1.000,00 ден/м^2

Оваа индустриска зона го опфаќа просторот од Земјоделското училиште кон Овче Поле, од двете страни на регионалниот пат Свети Николе - Овче Поле се до границите определени со ГУП. Инвенститорите кои ќе градат надвор од границите на ГУП се ослободени од трошоци за уредување на градежно земјиште, а истото треба да го направат сами и на своја сметка, но со претходно обезбедување на сите потребни согласности.

ИНДУСТРИСКА ЗОНА „МАЛО СТОПАНСТВО”

Како посебен простор се појавува планираната Малостопанска Индустриска зона, која го опфаќа реонот помеѓу реката Периш, патот од “Југосуровина” до Здружението на возачите и патот Куманово - Штип.

Висината на комуналниот надоместок за овој дел на индустриска зона ќе биде дополнително утврден со одлука на Совет на Општина Свети Николе по извршена детална анализа за изработка на инфраструктурата во овој дел на зоната „Мало стопанство”.

За корисна деловна површина со целосно уреден партер, трошоците за уредување на градежното земјиште на деловен простор со целосно уреден партер на секој локалитет посебно е различен без разлика во кој дел од градот е лоциран. Истиот зависи од степенот на уредувањето што ќе се предвидува со посебни Програми кои исто така ќе ги донесува Советот на Општина Свети Николе.

Според степенот на уредување и донесените Програми ќе бидат изготвени посебни пресметки од ЕЛС Општина Св.Николе, по кои ќе се врши лицитирање на локациите, а потоа ќе се врши уредување на партерот според Програмата и инвестиционо- техничката документација, која ќе биде изготвена за содветниот локалитет.

За лицата кои веќе имаат уплатено соодветен дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште, досега уплатените средства ќе се пресметуваат како соодветен платен дел од надоместокот во м^2, според важечките цени во моментот на плаќањето. Останатиот неизмирен дел за кој не е извршено плаќањето, до денот на стапувањето во сила на оваа Програма ќе се применуваат цените согласно оваа Програма.

Инвеститорите кои надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе го уплатуваат на одложено плаќање, уплатениопт дел од надоместокот ќе им се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето на истите. Доколку во меѓувреме настанала промена на цената, согласно Програмата, акт на Советот на Општината или друг законски односно подзаконски акт, наплатата се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето.

Договорот за уредување на градежното земјиште помеѓу Општина Свети Николе и инвеститорот се заклучува по целосната уплата на надоместокот за уредување на градежно земјиата.

Советот на Општина Свети Николе може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објкет во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Општина Свети Николе при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финанирале во изработката на деталните урбанистички планови, само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено во тогашната програма.

При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Корисникот на градежно земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објкети во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат , Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежното земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуалната потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

VIII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште по писмена формадиректно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена проверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Во случај кога опремувањето на градежното земјише е завршено во претходниот период за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување -целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делуно уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

За објекти за кои до донесување на Законот за Локална самоуправа има склучени Договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни Решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Свети Николе и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со Анекс договор кон основниот Договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За исотот корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ѓи извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверено од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на Локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниот начин:

-За вкупен износ на надоместокот до 32.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа при склучува на договорот во целост.

-За вкупниот износ на надоместоход од 32.000,00 денари до 96.000,00 денари надоместоход за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

- За вкупен износ на надоместокот над 96.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50 % при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

При наплатување на надомстокот за уредување на градежно земјиште во случај на легализација (каде има донесено ДУП-ови) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 еднакви месечни рати, без оглед на вивината на надоместокот, по утрдени законски акти.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од договорот помеѓу инвеститорот и органот на општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

IX. ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1.Минималната корисна станбена површина за изградба на објект на нова локација на која се пресметува комунален надоместок се утврдува на (минимум) 140м^2.

2. Комунален надоместок за уредување на градежно земјиште за деловен простор од времен карактер се плаќа по Програма, како и за објекти од цврст материјал (стален карактер) само за корисна станбена површина на деловен простор.

3.Надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа спрема оваа Програма во висина на износот што е утврден според локалитетот кој се уредува. т.е. зоната. Според Програмата се утврдени 2 (две) зони кој го опфаќаат целото подрачје на изградениот стар дел на градот.

4. За изградба на нови објекти во дворно место или на местото на урнат објект се плаќа надоместок во висина утврдена со програмата, според локалитетот на кој се гради, намален за корисната површина на објектот кој се урива доколку истиот бил легално граден објект, и поседува уредна инвестиционо- техничка документација.

5.За бесправно изградени објекти, а накнадно вклопени (легализација) во Урбанистичкиот план ќе се плаќа комунален надоместок во висина утврдена со оваа Програма според локалитетот во кој се наоѓаат.

Договор за уредување на градежно земјиште помеѓу Општина Свети Николе и инвеститорот се заклучува по целосната уплата на надоместокот.

X. НАДОМЕСТ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА

1. Градителите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

до 100.000,00ден	1%	
од 100.000,00 до 500.000,00 ден	0.6%	но не помалку од 1.000,00ден
од 500.000,00 до 1.000.000,00 ден	0,5%	но не помалку од 3.000,00ден
од 1.000.000,00 до 5.000.000,00 ден	0,3%	но ме помалку од 5.000,00ден
над 5.000.000,00 ден	0,2%	

Висината на надоместокот на градежните работи ќе се определува со превземање на цените од тендерската документација.

Доколку Локалната самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации, урбано-санационо мерки и слични работи на кој не се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вреднсота на градежните и градежно-занатските работи, но не помалку од 1000,00ден.

2. За изградба на објекти во село и вон населени места инвеститорите на стамбени објекти, јавни деловни, стопански И индустриски објекти, помошни прсотории, гаражи и сл. Кој се градат во урбано подрачје на населените места во Општина Свети Николе ќе плаќаат надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 10% од надоместокот од втората зона во градот.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналната инсталација.

XI. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО НЕУРБАНИЗИРАНИТЕ СЕЛСКИ НАСЕЛБИ

Во населените места во Општината - Свети Николе, надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа по зони и тоа на следниот начин:

Прва зона:

За КО: Пеширово, Амзабегово, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Црнилиште, Горобинци, КО Свети Николе - за земјоделско земјиште неопфатено во градежниот реон. Надоместокот за оваа зона ќе изнесува 400,00 денм2.

Втора зона:

За КО: Мездра, Долно Ѓуѓанци, Немањици, Трстеник, Сопот, Преод, Малино, Стањевци, Павлешенци, Мечкуевци, Ранченци и Кнежје. Надоместокот за оваа зона ќе изнесува 200,00 ден/м2.

Трета зона:

За сите други КО во Општината - Свети Николе, не се плаќа надоместок.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се однесува за изградба на индустриски објекти.

XII. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето ќе се врши по добивање на одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1.За спроведување на ова Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Свети Николе.

2.Градоначалникот на Општина Свети Николе е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ од над 20% да го информира Советот на Општина Свети Николе.

3. Ова Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе”, а ќе се применува од 01.01.2010 година.

Бр. 0701-903
29.12.2010 год.
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе во 2010 година бр. 0701 - 904, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/23
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр. 26/96, 40/99, 96/2000, 29/02, 68/04 и 84/2008) и Програмата за активностите на Општина Свети Николе за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во 2010 година бр.0701-810 од 24.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.12 2010 година ја донесе следната

ПРЕДЛОГ ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
за изградба, реконструкција и одржување на локални
патишта и улици во Општина Свети Николе, во 2010 година

Општи одредби:

Оваа Програма претставува синтеза помеѓу потребите за одржување на постојната локална патна мрежа, нејзината неопходна реконструкција како и планирањата за изградба на нови локални патишта на ниво на Општина Св.Николе од една страна, како и изградба, одржување и реконстрикција на улиците во град Св.Николе и пошироко во Општината.

Потребите од пробивање, модернизација и одржување (тековно и инвестиционо) на локалните патни правци отсекогаш биле и се од перманентно значење за комуникација помеѓу населените места во Општината. Исто така, патот заедно со водоснабдувањето и неки други основни предуслови за живот на човекот се основните потерби за развојот на стопанските капацитети од сите сфери на животот. Во таа насока, Општината Свети Николе како земјоделско сточарски регион во распространето ридско планонско подрачје, со доизградбата на потребната локална патна мрежа до сите населени места може да претендира на подинамичен развој, особено на сточарството, полјоделството, ловот, и планинскиот туризам во северозападниот дел на Општината во така нарачениот „Ѓуришки регион".

Без постоењето на соодветна патна мрежа комуникацијата помеѓу луѓето, размената на добра, дотурот на стока, а со тоа и секаква појава и иницијатива би се соочила со плоблеми уште во стартот. Токму од тие причини Општина Св.Николе, посветува исклучително внимание на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на постоечката патна мрежа, но ќе се залага за пробивање и изградба на локална патна мрежа до населените места каде тоа досега се уште не е сторено.

Потребите за развојот на локалната патна мрежа се уште се големи иако досега постигнатите резултати посебно во последните десетина годинни се видливи и дадоа друг белег на Општината. Ако кон сето ова се додаде и нејзината географска местоположба и потербата од регионално и магистрално поврзување на целиот источен регион кон главниот град на РМ, кој според сите природни правци логички би било да поминуваат низ Општината Св.Николе, тогаш се добива слика за потребите од развојот на патната мрежа во Општината на сите правци.

Локални патни правци:

Во општина Свети Николе, како локални патни правци се утврдени:

1. **Локален пат број 1, од село Амзибегово, спој со регионален пат Р-105, до село Црнилиште,** во должина од 3,56 км, ширина на коловозот 3,50 м асфалт и додатни банкини од по 1,00 метар од двете страни на патот;

2. **Локален пат број 2, од село Црнилиште до спојот со магистралниот пат М-5 кај село Сарамзалино,** во должина од 2,74 км, изработен од тампониран слој на чакал, од кој асфалтирана е делница од 1,3км;
3. **Локален пат број 3, од село Пеширово до село Црнилиште,** во должина од 1,4 км, и ширина на коловозот од 5,5 м, асфалтиран.
4. **Локален пат број 4, спој од регионален пат Р-105, кон село Ерџелија до село Мустафино ,** во должина од 7,7 км и ширина на коловозот од 5м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
5. **Локален пат број 5, од село Ерџелија кон село Кадрифаково** до спојот со магистралниот пат М-5 кај, во должина од 2,5,км и ширина на коловозот од 5,5 м изработен од тампониран слој на чакал;
6. **Локален пат број 6, од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Д.Ѓуѓанци,** во должина од 3,15 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
7. **Локален пат број 7, спој од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Стањевци,** во должина од 3,1км, ширина на коловозот од 5,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
8. **Локален пат број 8, од Свети Николе до село Кнежје,** во должина од 2,51 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
9. **Локален пат број 9, од село Горобинци до село Сопот,** во должина од 3,42км, ширина на коловозот од 3,50 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
10. **Локален пат број 10, од село Сопот преку село Преод до село Малино,** должина од 10,87 км, ширина на коловозот од 3,5 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
11. **Локален пат број 11, спој со магистрален пат" Овче Поле"до село Богословец,** во должина од 4,7 км, ширина на коловозот од 5,00 м тампонирана;
12. -**Локален пат број 12, од село Преод до село Крушица,** во должина од 3,5 км, земјен пат;
13. **Локален пат број 13, спој со магистрален пат М-5 кај" Овче Поле", до село Делисинци,** во должина од 2,5 км, ширина на коловозот од 5,00 м земјен пат;
14. **Локален пат број 14, од село Д.Ѓуганци до село Г.Ѓуѓанци**, пробиен патен правец;
15. **Локален пат број 15, од село Г.Ѓуѓанци до село Строиманци,** во должина од 3,2 км, исто така пробиен-**Локален пат број 16, од село Немањици до село Макреш,** во должина од 5,64 км, непробиен;
16. **Локален пат број 17, спој со регионален пат Р-210, кај село Мечкуевци до село Ранченци** во должина од 1,4 км, и ширина на коловозот од 5 м , асвалтиран;
17. **Локален пат број 18, од село Ранченци до село Патетини,** во должина од 3,2 км, и ширина на коловозот од 4 м - асфалтиран;
18. **Локален пат број 19, од село Немањици преку Буриловци до село Ерџелија,** во должина од 14,1 км, земјен пат;
19. **Локален пат број 20, од село Буриловци преку село Арбасанци до село Стануловци** во должина од 4,2 км непробиен земјен пат;
20. **Локален пат број 21, од село Малино преку Алакинци до село Стањевци,** во должина од 6,7км , непробиен земјен пат;
21. **Локален пат број 22, спој од регионален пат Р-201, кој село Мездра до село Орел во** должина од 3,51 км и ширина на коловозот од 3 м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
22. **Локален пат број 23,село Крушица до спој со пат Малино-Сушица,** во должина од 4 км тампониран, од кој 2,0 км е и асфалтиран.

Од вкупно 98,10 км локална патна мрежа кој се во надлежност на Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина на Општина

Свети Николе, 37,72 км пат веќе се асфалтирани, додека останатите според некаков приоритет допрво ќе треба да се модернизираат т.е. изградат.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе, за 2010 година како извори за финансирање ќе ги има следниве:

А.	ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ	Буџет 2010	Ребаланс 2010
1.	Трансфери од магистрални и регионални патишта	3.500.000	3.737.000
	Вкупно:	**3.500.000**	**3.737.000**

Вака планираните средства во 2010 година ќе бидат потрошени за изградба на нови и одржување на постоечките локални патишта и улици како и за зимско одржување во тековната година и тоа по следниот распоред на:

		РАСХОДИ	**Буџет 2010**	**Ребаланс 2010**
JD	**JD0**	**Изградба и реконструкција на локални патишт улици**		
		Санација и реконструкција на улични површини во градот	1.000.000	1.100.000
		Зимско одржување на локални патишта и улици	700.000	500.000
		Изградба на ул.„11 Октомври"(Рудина)	1.000.000	1.181.739
		Реконструкција на паркинг простор пред „Уни " банка	800.000	955.261
		Се вкупно:	**3.500.000**	**3.737.000**

Реализацијата на ова Програма воглавно ќе зависи од приливот на планираните средства во сите ставки од приходите.

Доколку не се обезбедат палнираните средства, Општина Св.Николе ќе определи приоритет на планираните објекти по оваа Програма, како и степенот на реализација во рамките на обезбедените финансиски средства и други предуслови за отпочнување на работа. По потреба Програмата може да биде дополнувана, променувана

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Оваа Програма стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Св.Николе".

Бр. 0701-904
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,

Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Предлог измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2010 година

Се објавува Предлог измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2010 година бр. 0701 - 905, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/24
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02) и чл.6. став 1 од Законот за социјална заштита (Сл.весник на РМ-бр.21/06) „Службен гласник на општина Свети Николе” бр.15/2008,и Програмата за активностите на Општина Св.Николе во областа на социјалната заштита во 2010 година бр.0801-805 од 24.12.2009 Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010, донесе

Измена и дополнување на Програмата
за активностите на Општина Св.Николе
во областа на социјалната заштита во 2010 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Св.Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст;
- Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Св.Николе во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање услови за формирање сервис за дотур на храна и лекови и грижа на стари и изнемоштени лица;
- Продолжување со проектот Народна кујна со проширување на опфатот на корисници од руралните средини;
- Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;
- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на лица – жртви на семејно насилство;
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Изградба на објект од социјален карактер.

		Дотација 2010	Ребаланс на дотација 2010	Буџет 2010	Ребаланс на буџет 2010	Донација 2010	Ребаланс донација 2010	Сопст. Приход 2010	Ребаланс Соп.приходи 2010
1	Сервис служба за дотур на храна и лекови на стари и изнемоштени лица			300.000	60.000				
2	Организирање на едукации за превентива и надминување на социјалните проблеми поврзани со малолетничкото девијантно однесување			30.000	0.00				
3	Промовирање на родовата рамноправност			30.000	30.000				

4	Набавка на социјални пакети за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди			30.000	0.00				
5	Печатење на промотивен материјал			20.000	0.00				
6	Изградба на објект од социјален катактер			2.000.000	1.500.000	6.000.000	3.056.117		
7	Примарна здравствена заштита за луге заболени од рак						150.000		
8	Процесни трошоци за реализација на форумски сесии			70.000	70.000				
9	Ситен инвентар алат и други материјали			230.000	230.000				
	Вкупно			2.680.000	1.890.000	6.000.000	3.206.117		
	(ИИ) Трансфер на средства								
1	Блок-дотации Детска градинка – плати и хранарини	16.398.828	14.787.940						
2	Блок-дотации Детска градинка-материјални трошоци	3.981.172	5.347.909						
3	Приходи од самофинансирање-Детска градинка							6.690.000	4.005.000
	Вкупно:	**20.380.000**	**20.135.789**	**2.680.000**	**1.890.000**	**6.000.000**	**3.206.117**	**6.690.000**	**4.005.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Св.Николе предвидени за 2010 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Св.Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министрерството за труд и социјална политика на Република Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

Дополнителни, проекти и активности ќе предлага Комисијата за општествени дејности и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Св.Николе.

Неопходно е да се каже дека Општина Свети Николе и покрај сите потешкотии со кој се соочуваше во текот на 2010 година успеа да го продолжи проектот за изградба на објектот од социјален карактер.И истиот е пред завршна фаза и донаторите од ЦИР-а ја завршуваат годината со трансферирање на севкупните средства предвидени во договорот додека општината делот кој останува за исплата по завршната ситуација ке го реализира во текот на првите месеци од 2011 година.

Во делот на самофинансирачките активности има определено намалување на средствата а тоа се должи на определени зголемени приходи кои се очекуваа како приход а беа предвидени врз базата на историските податоци на детската градинка а не се реализираа.

V.АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Св.Николе делуваат неколку здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално запуштени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од дроги и други наркотици. Општината Св.Николе ќе ги поддржи нивните напори за отворање дневни центри за згрижување и социјализација и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Св.Николе се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.
Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на ОпштинаСв.Николе.
Сите овие форми се зазени и општината оствари голем број на средби со кој има бенифит општината а со тоа и непосредно граѓаните на општината

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.
Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Св.Николе".

ж

Бр. 0701- 905
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2010 година бр. 0701 - 906, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/25
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врзоснова на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весникна РМ"бр.5/02) и Програматата за активности на Општина Свети Николе во областа на културата во 2010 бр.0701-806 од 24.12.2010, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на
културата во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

1. Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
2. Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Свети Николе;

3. Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина за реализирање на оваа Програма ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целта на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно уметнички манифестации;
- Реализација на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Свети Николе;
- Создавање услови за гостување на еминенти уметници од Република Македонија и странство во Општина Свети Николе;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Свети Николе;
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации,организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници. .

I. Приходи

	Мин. за култура 2010		Буџет Општина Свети Николе		Сопствени Приходи		Донација за 2010	
	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребаланс	Буџет	Ребал.	Буџет	ребаланс
Новогодишна програма			200.000	200.000				
Фестивал на изворен фолклор Тодорица			150.000	100.000			60.000	60.000
Ден на Општина – 14 Септември			50.000	35.000				
Светониколско културно лето			250.000	150.000				
Меѓународна културна соработка			50.000	140.000				
Патрон на градот Свети Никола			300.000	280.000				
КУД Јанко Глигоров			30.000					
Промоции на книги			20.000	5.000				
Ден на шегата - априлијада			10.000	10.000				
Организирање на Ѓуришка колонија			20.000	20.000				
Драмски аматерски театар „Сцена 71”			170.000	150.000				
ИНВЕСТИЦИИ								
Средства за фолклорен ансамбал		15.000						
Средства за библотечна и галериска дејност		65.000						
Средства за покривање трошоци за „Тодорица 2010”		150.000						
Капитални инвестиции во музичка дејност		250.000						
Средства од Проект - Национална агенција за европски образовни								87.000

програми и мобилност-Програма „Доживотно учење”								
Истражување на Била Зора с.Кнежје	500.000	300.000					2.000.000 Тексашка фондација	0.00
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ			4.130.000	4.035.115				
ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ			1.880.000	2.483.627				
ОПЕРАТ. РАСХОДИ ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ					500.000	500.000		
Вкупно:	**500.000**	**780.000**	**7.260.000**	**7.608.742**	**500.000**	**500.000**	**2.060.000**	**147.000**

II. РАС

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерството за култура, од Буџетот на Република Македонија, од донации и од

Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Свети Николе ќе ги подржи институциите и здруженија на граѓаните кои ќе реализираат проекти поврзани со културата.

IV. Манифестации поддржувани со други форми на активности

Ден на Општината

За 14 Септември, Денот на Општина Свети Николе се подготвува посебна програма проследена со содржини од областа на културата, Свечената седница на Советот на Општина Свети Николе и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободување на градот.

На свечената седница се доделуваат посебни награди и признанија како што се 14 то Септемвриски признанија и други награди и признанија согласно со Одлука на Совет.

Соодветно на Програмата за14 Септември не се доделија наградите и признанијата за овој празник.

Манифестација „Свети Никола”

Манифестацијата за одбележување на **Патронот на градот „Свети Никола”** оваа година се прошири со една од веќе постоечките манифестации. По долги години се одржа **„Златен глас 2010**”. Во оваа програма се предвидоа награди за најуспешните, како и доделување на признанија на почесните и првите учесници на овој фестивал. За одбележувањето се предвидени и награди и признанија за почесни граѓани и се доделуваат плакети за најзаслужни и истакнати граѓани во Општина Свети Николе.

За оваа година и програмата за одбележување има низа активности кои ке се спроведат со поставување на штандови, изложување на традиционална храна од нашиот град на самиот градски плоштад.

За прославување на Новата година ќе се изготви посебна програма која ке биде составен дел од извештајот кој ќе се достави во март 2011.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

Бр. 0701- 906
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе за подршка на НВО секторот во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе за подршка на НВО секторот во 2010 година
бр. 0701 - 907, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/26
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот од 2010 година бр.0701-800 од 24.12.2010

Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010,донесе

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
за активностите на Општина Свети Николе
за поддршка на НВО секторот во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2010 година се:

1. Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.
2. Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.

3. Афирмација на Општина Свети Николе како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,
- обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани
- воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,
- афирмација на Општина Свети Николе во државата и надвор од неа

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Свети Николе ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

III. ПОДДРШКА НА НВО		**БУЏЕТ 2010**	**РЕБАЛАНС 2010**
1.	**З**дружение на граѓани „Демократија”	350.000,00	180.000,00
2.	„Народна техника”	23.000,00	0,00
3.	„Доброволно противпожарно друштво” ДПД	100.000,00	50.000,00
4.	Здружение на борци од военот конфликт 2001 -2002 “ Александар Серафимов	30.000,00	60.000,00
5.	Организација на Резервни официри на Р.М.Општинска организациона единица	35.000,00	35.000,00
6.	Извиднички Одред „Гоце Делчев” Свети Николе	30.000,00	0,00
7.	Фондација „Евроцентар”		123.000,00
8.	Здружение на инвалидите		10.000,00
9.	Здружение на пензионери		20.000,00
	Вкупно	**568.000,00**	**448.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Никоеле од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2010 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:
- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.
-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Оддлението за образование, култура, здравство, социјална заштита и соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Свети Николе.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

Бр.0701- 907 **Советот на Општина Свети Николе**
Свети Николе **Претседател**
Свети Николе **Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2010 година бр. 0701 - 908, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/27 **Градоначалник,**
29.12. 2010 год. **на Општина Свети Николе**
Свети Николе ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02)Ии Програмата за активности на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади за 2010 бр.0701-804 од 24.12.2009

Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12. 2010 год.,донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
за активностите на Општина Свети Николе во областа
на спорт и млади во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади во 2010 година се:

1. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните,особено младите и здруженијата на граѓани.
3. Афирмација на Општина Свети Николе во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма ОпштинаСвети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.
Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Свети Николе во државата и надвор од неа.

Р. бр.	**Активност**	**Носител**	**Предвидени средства од Општина Свети Николе 2010**	**Ребаланс 2010**
И.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ				
1.	Турнир во мал фудбал	Општина СветиНиколе	70.000,00	70.000,00
2.	Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2009 година	Општина СветиНиколе	20.000,00	0,00
		Вкупно: 90.000,00		**70.000,00**
	Активност	**Носител**	**Предвидени средства од Општина Свети Николе**	**Ребаланс 2010**
II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ				
1.	Отворена забавна фудбалска школа		60.000,00	99.000,00
2.	Фудбалски клуб „Овче Поле”		300.000,00	200.000,00
3.	Велосипедски клуб „МИА”			5.000,00
4.	Подршка на РК „Овче Поле” Св.Николе		330.000,00	300.000,00
5.	Локален школски спорт			9.000,00
		Вкупно	**780.000,00**	**683.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Николе, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.
За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2010 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

0701- 908
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита во 2010 година бр. 0701 - 909, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/28
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот на локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/02), член 2 од Законот на управување со кризи ("Сл. Весник на РМ" бр. 67/04) и член 2 од Статутот за Општина Св.Николе ("Сл. Гласник на Св.Николе" бр. 1/2006) и програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарната заштита во 2010 година број 0701-808 од 24.12.2009 година, Советот на општина Св.Николе на седницата одржана на ден 29.12.2010 година, донесе :

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
За активностите на Општина Св.Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожатната заштита во 2010 година

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси, активности во областа на противпожарната заштита, заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, општина Св.Николе во 2010 година овие активности ќе ги остварува преку Територијалната противпожарна единица која ќе

дејствува на територијата на Општина Св.Николе, а ќе го покрива и подрачјето на соседната Општина Лозово.

1. Цели

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди , пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- создавање на услови и мозности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елеминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опремености и координираност на силите за заштита и спасување, спасување со кризо и противпожарна заштита.

2. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и
Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасување.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон:

- Обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и материјалните добра ;
- Техничко осовременување на професионалната противпожарна единица;
- Брзо и ефикасно дејствување на целото подрачје на Општина Св.Николе и Општина Лозово
- Елименирање на согледаните пропусти и негативности .

3. Финансирање

Финансирањето на активностите и дејствување на Територијалната противпожарна единица, утврдени според Програмата ќе биде реализирано од:

- Средствата на Буџетот на РМ;
- Средствата на Буџетот на Општина Св.Николе;
- Наплатени премии од осигурувањето и имотот на пожари;
- Наплатени премии од осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни на сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштита од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и приходи од други општини (Општина Лозово).

ПРИХОДИ	БУЏЕТ 2010	РЕБАЛАНС 2010

4. Распоредување на финансиски средства

1.	Наменска дотација	4.012.000,00	4.012.000,00
2.	Наплатени премии од каско осигурување	350.000,00	250.000,00
3.	Буџет на Општина Св.Николе	1.120.000,00	545.000,00
4.	Приходи на ПП услуги	100.000,00	5.000,00
5.	Приходи од други општини (Општина Лозово)	0,00	0,00
6.	**ВКУПНО**	**5.582.000,00**	**4.812.000,00**

РАСХОДИ	БУЏЕТ 2010	РЕБАЛАНС 2010

1.	Плати, наемнини и надоместоци за вработените	4.012.000,00	4.012.000,00
2.	Поправки и тековно одржување на возилата	350.000,00	340.000,00
3.	Горива и масла за возилата	350.000,00	150.000,00
4.	Регистрација за возилата	80.000,00	40.000,00
5.	Набавка на антифриз	10.000,00	10.000,00
6.	Набавка на ПП уноформи	250.000,00	20.000,00
7.	Прехрамбени продукти и пијалаци	15.000,00	0,00
8.	Обука и минимална опрема на членовите на универзалната единица за заштита и спасување	100.000,00	30.000,00
9.	Водовод и канализација	10.000,00	10.000,00
10.	Телефон	35.000,00	45.000,00
11.	Награди и признанија за најдобар пожарникар	20.000,00	0,00
12.	Канцеларски материјал	5.000,00	0,00
13.	Средства за хигиена	15.000,00	10.000,00
14.	Одржување на инсталации, градежни делови на објектот, варосување, одржување на електрични апарати и друго	100.000,00	0,00
15.	Поправка и сервисирање на друга опрема	150.000,00	0,00
16.	Електрична енергија	90.000,00	50.000,00
17.	Прослава за ден на пожарникарите во РМ	15.000,00	15.000,00
18.	Објавување на огласи	0,00	55.000,00
19.	Други оперативни расходи	0,00	25.000,00
20.	**ВКУПНО**	**5.582.000.00**	**4.812.000,00**

5. Други форми на активности за подржување и помагање на ТППЕ

Освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат овие активности и со:

- обележување на Денот на пожарникарите;
- прогласување на најистакнат пожарникар во извршување на работните обврски при гасење на пожари;

- учество на Градочалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави;
- учество на семинари и едукација на пожарникарите.

6. Завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Св.Николе.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Св.Николе ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативни, давање на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Св.Николе"

0701-909
Свети Николе
29.12.2010 година

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2010 година бр. 0701 - 910, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/29
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2010 година бр.0701-807 од 24.12.2009

Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 год., донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
за активностите на ОпштинаСвети Николе
во областа на образованието во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Активен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Планирање на развојот на образованието
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2010 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието;

I. ПРИХОДИ

Р.б	**Блок дотација по соодветна програма**	**Буџет 2010**	**Ребаланс 2010**
1.	Основно образование- блок дотација	64.016.000	66.988.740
2.	Средства од Буџетот на општината-основно образование	4.212 .585	2.188.000
3.	Самофинансирачки- основно образование	5.843.617	5.224.800
4.	Донации основно образование	4.866.396	5.638.783
5	Средства од Буџетот на општината-средно образование	2.000.000	18.000
6.	Самофинансирачки- средно образование	9.784.880	8.389.080
7.	Средно образование-блок дотација	33.823.000	33.829.839
8.	Донации од МОН	400.000	727.800
	Вкупно:	**124.946.478**	**123.005.042**

II. РАСХОДИ

	Активност	Дотација 2010	Ребаланс на дотација 2010	Буџет 2010	Ребаланс на буџет 2010	Донација 2010	Ребаланс донација 2010	Сопст. Приход 2010	Ребаланс Соп.приходи 2010
1	Манифестација по повод започнување на школската година 2010/2011			10.000	10.000				
2	Подршка на наставниот кадар за обука и професионално обучување			30.000	0.00				
3	Прогласување на најдобар наставник во основното образование			10.000	10.000				
4	Прогласување на најдобар наставник во средното образование			10.000	10.000				
5	Прогласување на најдобар ученик во средното образование			8.000	8.000				
6	Прогласување на најдобар ученик во основното образование			18.000	18.000				
	ВКУПНО			**86.000**	**56.000**				
	II ИНВЕСТИЦИИ								
	Активност	**Дотација 2010**	**Ребаланс на дотација 2010**	**Буџет 2010**	**Ребаланс на буџет 2010**	**Донација 2010**	**Ребаланс донација 2010**	**Сопст. Приход 2010**	**Ребаланс Соп.приходи 2010**
1	Реконструкција на ООУ „Кирил и Методиј” по приоритети			1.000.000	0.00				
2	Реконструкција на ООУ „Гоце Делчев” по приоритети			1.000.000	0.00				
3	Реконструкција на ООУ „Гоце Делчев” замена на ел.инсталац.			400.000 МОН	0.00				
4	Реконструкција на ООУ „Даме Груев” замена на ел.инсталац.			1.000.000	0.00				
5	Реконструкција на СОУ „Кочо Рацин” по приоритети			2.000.000	0.00				
6	Замена на прозорска			126.586	350.000	1.254.8	1.081.367	87.617	0.00

	конструкција ООУ „Гоце Делчев”					96			
7	Замена на прозорска конструкција ООУ „Кирил и Методиј”.					611.500	0.00		
8	Течни горива				700.000				
9	Реконструкција на под во О.О:У.„Гоце Делчев”- МОН								727.800 МОН
	Учество во проектор за изградба на полигонот ООУ „Кирил и Методиј”			1.000.000	1.100.000	4.866.396	4.557.416		
	ВКУПНО:			**6.526.589**	**2.150.000**	**6.732.792**	**5.638.783**	**87.617**	**727.800.00**
	Активност	**Дотација 2010**	**Ребаланс на дотација 2010**	**Буџет 2010**	**Ребаланс на буџет 2010**	**Донација 2010**	**Ребаланс донација 2010**	**Сопст. Приход 2010**	**Ребаланс Соп.приходи 2010**
	III ТРАНСФЕРИ НА СРЕДСТВА								
1	Блок дотација – основно образование-плати			57.322.755	60.524.916				
2	Блок дотација – основно образованиематеријслни трошоци и превоз			6.693.245	6.463.824				
3	Блок дотација – среднообразование-плати			30.953.747	30.148.917				
4	Блок дотација – средно образование-материјални трошоци и превоз			2.869.253	3.680.922				
5	Приходи од самофинансирање основно образование							5.756.000	5.224.800
6	Приходи од самофинансирање средно образование-плати							816.880	749.080
6	Приходи од самофинансирање средно образование-тековни трошоци							8.968.000	3.680.922
	ВКУПНО			**97.839.000**	**100.818.579**			**15.540.880**	**13.613.880**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година.

При реализирање на Програмата,Советот на Општина Свети Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и сл.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

0701- 210 **Совет на пштина Свети Николе 29.12.2010**
Претседател,
Свети Николе Vasko Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на локален економски развој во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на локален економски развој во 2010 година бр. 0701 - 911, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/30 **Градоначалник,**
29.12. 2010 год. **на Општина Свети Николе**
Свети Николе ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02 и Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развој во 2010 година бр.0701-802 од 24.12.2009 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29. 12. 2010 година, донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на
Локалниот економски развој во 2010 година

Рамка на програмата

Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува:

„Локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство".

Оваа област е предмет на уредување со следните закони:

- Закон за трговија („Сл. весник на РМ” бр. 16/04)
- Закон за угостителска дејност („Сл. весник на РМ” бр. 62/04)
- Закон за вршење на занаетчиска дејност („Сл. весник на РМ” бр. 62/04)
- Закон за туристичка дејност („Сл. весник на РМ” бр. 62/04)
- Закон за заштита на потрошувачите („Сл. весник на РМ” бр. 38/04)
- Закон за трговски друштва („Сл. весник на РМ” бр. 28/04).

Горенаведените закони вклучуваат одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат. Напорите на Општина Свети Николе во 2010 година ќе бидат насочени кон ревидирање на дел од постоечките акти, како и донесување на нови, со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој во текот на 2010 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој според утврдените развојни правци во Стратегијата за локален економски развој и Нацрт Стратегијата за локален развој на Општина Свети Николе. Во 2010 година Општината ќе ги насочи своите активности кон поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, поддршка на рурален развој и промоција на алтернативни форми на туризам – како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања.

Цел

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Свети Николе.

Програмски активности

Проектите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на Општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2010 година, тековните задачи ќе се однесуваат на воспоставување и ажурирање на интегрирана база на податоци за МСП секторот во општината, давање на консултантски услуги на МСП секторот, организирање на обуки, семинари и работилници за МСП, состаноци со МСП по дејности, посредување при вработување во МСП, како и остварување на контакти и соработка со релевантни домашни и меѓународни организации и институции.

Општина Свети Николе ќе се вклучи во организирање на кампањи и саемски промоции за поддршка на активностите за локален и регионален економски развој, поддршка на бизнис секторот и промоција на инвестиции.

Програмата за локален економски развој ќе ја поддржува реализацијата на инвестициските проекти преку активности за промоција на општинските потенцијали, капацитети како и одредени олеснувања кои ги нуди општината за започнување на нови бизниси и привлекување на инвестиции.

Предвидените активности, генерално можат да се групираат во:

Поддршка на локалниот економски развој

Ред. бр.	Активност	Предвидени средства (ден.)	Предвидени средства со измени и дополнувања (ден.)
1.	Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на ИПА – Инструментот за предпристапна помош	60.000	60.000

2.	Превод и печатење на Профил и Стратегија за локален развој на Општина Свети Николе	110.000	110.000
3.	Изработка на проект за заштита и реставрација на Старата светониколска чаршија и финансиска поддршка на реставрацијата од страна на општината како иницијатор на проектот	400.000	0
4.	Учество на општината во формирање на центар за едукација и информирање	300.000	0
5.	Изработка на физибилити студија за искористување на алтернативни извори на енергија	250.000	250.000
6.	Адаптација и опремување на работен инкубатор	100.000	0
7.	Изработка и печатење на туристички водич за Свети Николе	150.000	0
8.	Подготовка и печатење на промотивни материјали	250.000	250.000
9.	Настап на саемски манифестации	60.000	20.000
10.	Сопствено учество на општината во проект за набавка на специјално комунално возило и замена на класичното улично осветлување	200.000	0
11.	Сопствено учество на општината во проект за изведба на фекална канализација, водоводна мрежа и електро-инфраструктура на дел од населба Рудина	2.000.000	0
	ВКУПНО:	**3.880.000**	**690.000**

Поддршка на регионалниот економски развој

Ред. бр.	**Активност**	**Предвидени средства (ден.)**	**Предвидени средства (ден.) со измени и дополнувања**
1.	Учество во финансирање на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион	92.485 (10 ден./жител)	95.000
2.	Учество во регионални проекти	500.000	0
3.			
	ВКУПНО:	**592.485**	**95.000**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 785.000,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година и кофинансирани од страна на домашни и меѓународните институции, агенции и фондации.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

0701- 911
29.12.2010
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
ВаскоПашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2010 година бр. 0701 - 912, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/31
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ"бр. 5/02) и Програмата за активности на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2010 бр.0701-803 од 24.12.2010, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2010 година

Рамка на програмата

Интензивирањето на меѓународната соработка е едно од приоритетните прашања во рамките на заложбите за динамичен развој на Општина Свети Николе. И покрај фактот што меѓународната соработка ќе биде во фокусот на вниманието по официјалниот старт на имплементацијата на втората компонента од Инструментот за предпристапна помош - ИПА, постоењето и одржувањето на оваа Програма оди во прилог на зајакнувањето на капацитетите на општината на планот на меѓународната соработка.

Досега, меѓународната соработка се остваруваше најмногу преку организацијата на културни манифестации од меѓународен карактер и недостигаа конкретни активности за продлабочување на соработката во сите области од работата на локалната самоуправа, а особено на планот на креирање и имплементација на заеднички проектни активности.

Според најавите од Делегацијата на Европската Комисија, во периодот што следи ќе се отворат можности за интензивирање на меѓународната соработка и на планот на инфраструктурниот развој и локалната економија како и на планот на регионалниот развој.

Општина Свети Николе веќе има воспоставено добра меѓународна соработка со збратимените градови Чичевац, Република Србија и Сапарева бања, Република Бугарија, на планот на размена на информации и искуства, како и иницирање на заеднички проекти. Наши уметници и писатели престојуваа на значајни културни манифестации во Република Бугарија, а меѓународната соработка во голема мера ја продлабочија и традиционалните културни манифестации на Општината од меѓународен карактер. Исто така Општината од септември 2010 година воспостави соработка и со општина Поликастро од Република

Грција заради планирање и реализација на заеднички проекти во рамки на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Грција. На овој начин се отвори можност Општина Свети Николе заедно со партнер-општината од Р.Грција да аплицира и користи средства од оваа ЕУ Програма.

Општина Свети Николе е членка и на Еврорегионот Морава – Пчиња – Струма и седиштето на овој регион е во Општина Свети Николе. Ова членство ја изразува подготвеноста и интересот на Општина Свети Николе за остварување на регионална и прекугранична соработка.

Евроинтегративните процеси отвораат многу можности за соработка и поврзување на регионите на територијата на Европа и што е најзначајно за општините и соработка на ниво на локална самоуправа.

Ова е особено значајно во процесот на идентификација на општини од странство, потенцијални партнери за реализација на комплементарни и комплексни проекти во рамките на ИПА.

Во тек от на 2010 година Општина Свети Николе ќе работи на продлабочување на постоечките соработки и проширување на соработка и контакти со други општини и во останати области, од интерес за економски развој на Општината и нејзино пошироко промовирање. Во прилог на ова е и заложбата за проширување и продлабочување на соработката на Општината со дипломатските претставништва во земјава.

Во 2010 година меѓународната соработка покрај на интензивирањето на културната соработка ќе се фокусира на зајакнување на можностите и реализација на конкретни проекти со збратимените градови.

Од особена важност е реализацијата на проекти во областа на:

- локалниот економски развој и инвестиционите програми, посебно остварување на бизнис соработки;
- зајакнувањето на капацитетите во контекст на подобрување на услугите на граѓаните преку размена на позитивни искуства;
- заштитата на животната средина и природата;
- алтернативни форми на туризам;
- обновливи извори на енергија;
- урбанистичко планирање;
- образование;
- спорт и култура.

Генерална цел

Генералната цел на Програмата е да се продлабочи меѓународната соработка преку реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

Конкретни цели

- Продлабочување на соработката со збратимените градови на Свети Николе;
- Реализација на заеднички активности и проекти;
- Зајакнување на капацитетите преку размена на искуства;
- Можности за туристичка и економска промоција на Свети Николе.

Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

- Интензивирање на комуникацијата со збратимените градови на Свети Николе со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;
- Организиран престој на делегации во Свети Николе;
- Организирани посети на Градоначалнкот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови на Свети Николе;
- Организирање на средби и утврдување на конкретни активности;
- Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси;
- Размена на искуства;

- Примена на стекнатите позитивни искуства;
- Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации.

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината, чии членови ќе бидат вклучени во процесите на взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови. Од особена важност е Советот на општината активно да учествува со свои иницијативи во продлабочувањето на меѓународната соработка, посебно покренати од страна на Комисијата за евроинтеграции при Советот на Општина Свети Николе.

Секоја реализирана активност ќе биде од корист на граѓаните и можностите за интезивирање на развојот на локалната заедница, што како повратен ефект ќе обезбеди дополнителни приходи и ќе ја оправда Програмата и нејзината одржливост.

Ред. бр.	**Активност**	**Предвидени средства (ден.)**	**Предвидени средства со измени и дополнувања (ден.)**
1.	Организиран престој на делегации во Свети Николе	150.000	70.000
2.	Организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација	80.000	80.000
3.	Кофинансирање на заеднички проекти во рамките на програма за прекугранична соработка со Р.Грција	300.000	0
4.	Сопствено учество на општината во проект за реконструкција на објектот Дом на култура „Крсте Мисирков”	1.107.000	0
5.	Организирано учество на групи и поединци од општината на значајни манифестации, саеми и работилници во странство	80.000	0
7.	Кофинансирање на ИПА проекти	600.000	0
	ВКУПНО:	**2.317.000**	**150.000**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 150.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2010 година и кофинансирани од страна на домашни и меѓународните институции, агенции и фондации.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој и Комисијата за евроинтеграции го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе”

бр. 0701- 912
29.12.2010
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2010 година бр. 0701 - 913, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/32
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на Р.М. “бр 5/02), како и член 40 став 2 од Статутот на Општина Свети Николе(Службен гласник бр.1/06) и член 125 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (Службен гласник бр2/06),и Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2010 година бр.0701-799 од 24.12.2009 Советот на Општина Свети Николе на 29.12. 2010 година, донесе

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2010 година

Комисијата за родова рамноправност е посебно тело на Општина Свети Николе формирана како постојана Комисија.

Комисијата за првпат е формирана со Решение бр.0701-260 на Советот на Општина Свети Николе на 16.05. 2005 година со назив Комисија за родова рамноправност, која има задача и цел да го промовира родовиот концепт на Општината.

Цел на Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принцпот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во полтиката, социјалната, образовната, економската, како и во други области од општествениот живот.

Задача на Комисијата е, да го вклучи родовиот концепт да биде во превентивата на процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област на сите нивоа.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за воспоставување и остварување на еднаквост меѓу жените и мажите, преку превенција и отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и воспоставување услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите свери на општественото живеење.

ОБЛАСТИ:

1. Управување со човечки ресурси
2. Социјална заштита
3. Економски развој
4. Човекови права
5. Здравство

ФОРМИ И ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ

- Организирање на јавни расправи по определени прашања;
- Организирање дебати за определени прашања;
- Јавни дискусии, тркалезни маси и апели;
- Работилници, , кампањи;
- Формирање на работни тела од НВО за организирано дејствување;
- Воспоставување партнерство со бизнис заедници;
- Влијание врз одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности меѓу половите и

УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

- Јакнење на свеста на жените и мажите за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот и во процесите на одлучување
- Изработка на база на податоци со родов концепт од институции и правни субјекти
- Изработка на Акционен план за родова рамноправност

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Обезбедување релевантни, навремени и сеопфатни статистички показатели за корисниците на системот на социјална заштита од родов аспект и бројот на (жени самохрани мајки)

ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Промовирање на локални акции за вработување на жените
- Едукација за отпочнување на сопствен бизнис самовработување - бизнис план
- Дообразување и стручно оспособување ,преквалификација на жени од руралните средини
- Поттикнување за регистрирање на жената земјоделец

ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- Едукација на жените за човековите права
- Јакнење на свеста на локално ниво - почитувај ја жената
- Едукација на жените од руралните подрачја за своите права

ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ПРИ СИТЕ ВИДОВИ НА НАСИЛСТВО

- Отварање на центар за згрижување на жените- жртви на семејно насилство
- Спроведување на анкета за семејно насилство со општата популација
- Превенција и заштита на жртвите на трговијата со жени и деца

ЗДРАВСТВО

- Едукација за превентивна и навремена здравствена заштита на жените
- Едукација на населението за остеопороза

БУЏЕТ

ОПИС	ВКУПНО:	БУЏЕТ ЗА 2010	РЕБАЛАНС 2010
Изработка на база на податоци со родов концепт од институции и правни субјекти		5.000,00	5.000,00
Изработка на Акционен план за родова рамноправност		30.000,00	
Промовирање на локални акции за вработување на жените од Општина Свети Николе во соработка со Центарот за вработување (организирање на јавна трибина и тв. емисија)		5.000,00	5.000,00
Едукација на жените за човековите права (организирање на две трибини		10.000,00	10.000,00
Едукација за превентивна и навремена здравствена заштита на жените (организирање на две трибини		10.000,00	10.000,00
ВКУПНО:		**60.000,00**	**30.000,00**

За реализација на претходно наведените активности средствата во износ од 30.000 денари ке се обезбедат од општината, додека за дополнително финансирање на активностите ке бидат побарани средства од донатори.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе"

0701-913
Свети Николе
29.12.2010година

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година

Се објавува измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година бр. 0701 - 914, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/33
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 и член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (" Сл. Весник на РМ "бр. 5/02) и Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комункација со јавноста во 2010 бр.0701-801 ,Советот на Општина Свети Николе на ден 29.12.2010 година, донесе,

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА
ОСНОВА

Концептот на Односите со јавност како една од суштинските компоненти на современиот менаџмент, во Република Македонија е релативно нов и непознат.

Како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации помеѓу општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно највисоките европски и светски стандарди.

Наспроти фактот што стартуваше и втората фаза на децентрализацијата, само мал број општини во Македонија имаат лица за комуникација со јавноста и практикуват форми на зајакнување на комуникацијата со корисниците на услугите.

Поради овие состојби ЗЕЛС иницираше креирање на мрежа на лица за односи со јавност во која активно е вклучена и Општина Свети Николе.

Покрај програмската определба, општината работи и на обезбедување и усовршување на просторните и техничките услови за комуникација што беше повод за креирањето на едношалтерскиот систем и отварањето на истурената канцеларија во с. Ерџелија.

Комуникацијата со јавноста е динамична, неретко флексибилна компонента на менаџментот во јавната администрација која има потреба од постојано менување и доусовршување

Реализацијата на програмските определби на годишно ниво зависи од голем број внатрешни и надворешни фактори.

Програмскиот пристап кон односите со јавноста се базира на меѓусебното разбирање и треба да претставува мост помеѓу внатрешната перспектива и надворешното позиционирање на општината.

Бидејќи комуникацијата со јавноста опфаќа голем број на различни целни групи, мошне е важно наспроти флексибилноста точно да се утврдат програмските приоритети на годишно ниво.

Од друга страна треба да се има во предвид дека во услови кога промотивните активности имаат висока цена на пазарот, неопходно е да се изнајдат форми на комуникација со која општината би допрела до целната група со вложување на помалку средства.

Во изминатиот период тоа се постигнуваше преку објавување на информации во вид на соопштенија во локалните електронски медиуми , на Огласната табла во општината, печатени флаери или пак директна комуникација со претставници на целните групи.

Во изминативе години Општина Свети Николе воспостави систем на комуникација со различни целни групи. Воглавно три носечки целни групи се во фокусот на ориентација на општината во надворешната комуникација:

- Граѓаните корисници на услуги
- Здруженијата на граѓани (НВО секторот)
- Медиуми

Покрај овие три основни целни групи комуникацијата се остварува со голем број други целни групи со кои општината континуирано комуницира како што се:

- Бизнис сектор
- Месни и урбани заедници
- Домашни и меѓународни организации и фондации
- Национални и локални институции
- Фокус групи

Покрај програмските определби на годишно ниво, разновидноста и бројноста на целните групи налага секојдневна работа и усовршување на комуникацијата со секоја целна група поединечно.

Од големо значење за Општина Свети Николе е постоењето на Информативниот центар и Канцеларијата за едношалтерско работење со истурена канцеларија во село Ерџелија,која всушност е отворена канцеларија за граѓаните, како и службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, преку кое граѓаните можат да ги добијат сите информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

1.2.ОПРАВДАНОСТ

1.2.1. Приоритетни потреби:

- **Продлабочување на Комуникацијата со јавноста**

Подготовката и имплементацијата на еден ваков програмски документ е од големо значење за континуираниот процес на информирање на граѓаните за сите активности на општината како и соработката со граѓаните во рамките на планирањето и реализацијата на сите идни активности од значење за развојот на локалната заедница.

Задоволството на граѓаните од услугите што им ги нуди општината зависи и од степенот на информираноста за видот на услугите и начинот на давањето на тие услуги.

Со цел да ги подобри условите за комуникација, покрај постоењето на Граѓанско информативниот центар,воведен е едношалтерски систем преку кој граѓаните ке можат на едно место да ги добиват услугите од урбанизам, даноци, општи правни работи, и се она што е во надлежност на локалнта самоуправа согласно Законот за локална самоуправа

Општина Свети Николе во 2010 година, согласно Програмата ќе работи на следниве приоритетни потреби:

- Зајакнување на капацитетите за промоција и комуникација со јавноста;
- Зајакнување на креативните капацитети за подготовка и реализација на кампањи за промоција на општината;
- Интензивирање на комуникацијата со граѓаните;
- Реализација на презентации и емисии посветени на работата на Општината
- Редовна посета на месните заедници и информирање на населението;

- **Промоција**

Вклучување на промоција во буџетското планирање, преку која ќе се овозможи достигнување на конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање на брошури, чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалнта заедница.

Утврдувањето на постоечки капацитети за развој на промотивната активност, интерно во општинската администрација уште повеќе ја нагласи потребата од искористување на постојните капацитети во реализација на атрактивен промотивен материјал.

Промоцијата исто така овозможува интензивна соработка и размена на идеи со бизнис заедницата што е уште една придобивка за Општина Свети Николе.

Целта на оваа Програма е да обезбеди стратешки пристап во организирањето и спроведувањето на кампањи за промоција на Општина Свети Николе во текот на 2010 година.

Секоја кампања поради природата на проблемот или темата што ја третира бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за општината и услугите со кои општината може да им помогне.

1.2.2. Предложен пристап

Тимот на Општина Свети Николе за управување со квалитет со кој раководи Градоначалникот, а во него работат раководните државни службеници од секторите и одделенијата, ќе ги разгледува предлозите за организирање на кампањи чија цел е промоција на општината во целост или промоција на одредена активност или услуга.

Тимот ќе утврди пристап за промоција на општината за секоја кампања поединечно.

Пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Генерална цел:

Промоција на општината и воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

Цели:

- Подготовка и реализација на кампањи за промоција и информирање на јавноста;
- Продлабочување на комуникацијата со сите целни групи на граѓани - корисници на услуги;

Целни групи

- Сите граѓани корисници на услуги
- Здруженија на граѓани
- Бизнис сектор
- Медиуми
- Потенцијални инвеститори
- Туристи и посетители
- Донатори
- Меѓународни организации
- Урбани и месни заедници
- Претставници на збратимени општини и општини пријатели на Свети Николе

Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

- Подготовка и реализација на кампања за услугите што можат да ги добијат во едношалтерската канцеларија
  (печатење на флаер, изработка и емитување на тв.и радио спот, плакат)
- Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота и управување со цврст комунален отпад (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат)
- Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци
  (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат);

- Презентации посветени на работата на општината;
- Поставување на инфо киоск во градското подрачје

Треба да се има во предвид дека списокот на активности сублимирани во поимот "промоција" зависи од многу фактори како на пример од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на програмата.

Очекувани резултати

- Интензивирана промоција на општината
- Зголемена информираност на граѓаните
- Зголемено учество на граѓаните
- Зголемен број на проекти со учество на НВО , бизнис секторот и медиумите
- Зголемен број на инвеститори
- Зголемен број на туристи и посетители

Очекувани продукти

- Расположиви брошури и флаери за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Иифо центарот и едношалтерскиот сервисен центар;
- Расположиви брошури за кампањи од јавен интерес
- Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење;
- Подготвени и емитувани аудио и тв спотови

3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Покрај општинскиот тим во организацијата на програмата ќе се вклучат Градоначалникот и Советот на Општина Свети Николе кои со свои идеи и решенија можат да придонесат за успешна реализација на програмата.

Сите предложени решенија ќе ги разгледуват сите учесници за секоја кампања поединечно.

Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на НВО секторот, бизнис секторо и медиумите.

Развојниот тим ќе ги рагледува ефектите од секоја кампања.

4.ОДРЖЛИВОСТ

Креативниот пристап, расположивите човечки и технички ресурси и флексибилноста на Програмата оди во прилог на одржливоста и усовршувањето.

БУЏЕТ

ОПИС	Буџет 2010	Ребаланс 2010
Подготовка и реализација на кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат во едношалтерската канцеларија (печатење на флаер, изработка на плакат, изработка и емитување на ТВ и радио спот)	30.000,00	30.000,00
Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота и управување со цврст комунален отпад (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат)	20.000,00	20.000,00
Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци (изработка на флаер, ТВ и радио спот, плакат)	20.000,00	20.000,00

Презентации посветени на работата на општината	20.000,00	20.000,00
Поставување на инфо киоск во централното градско подрачје	70.000	0,00
Непредвидени трошоци	10.000	0,00
ВКУПНО	**170.000**	**90.000,00**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Свети Николе

Бр. 0701- 914
Свети Николе
29.12.2010 годин

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2011 година

Се објавува Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2011 година бр. 0701 - 915, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/34
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Р.М. „бр. 82/2008), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост("Службен весник на Р.М. „бр. 88/09), член 15 од Статутот на Општина - Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" „бр. 01/.2006, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година донесе

ПРОГРАМА
за уредување на градежно земјиште на подрачјето
на Општина Свети Николе во 2011 година

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

XIV. Просторот кој е предмет на уредување;
XV. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште;
XVI. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфрастурктура;
XVII. Изворите на финансирањето на Програмата;
XVIII. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
XIX. Подрачја за уредување на градежно земјиште;
XX. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба;

XXI. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
XXII. Преотстапување на простор;
XXIII. Надомест за изградба и реконструкција на комунални објекти на територијата на општината;
XXIV. Уредување на градежно земјиште во неурбанизирани селски населби;
XXV. Динамика и извршување на Програмата;
XXVI. Преодни и завршни одредби.

И.ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изградено и неизградено земјиштен а просторот на Општина Свети Николе, прогласен како градежен реон.

ИИ. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште се подразбира:

II- 1 Подготвителни работи и

II - 2 Расчистување на градежно земјиште

II – 1 ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

- Оформување на геодетска документација.
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II – 2 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиштен а градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежно земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покушнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктура, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежно земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

III– 1 Основен степен на уреденост претставува опременост со:

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на електрична мрежа;
- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација.

III – 2 Дополнителна опременост на земјиштето:

- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;
- изградба на атмосферска канализација и
- изградба на јавно осветлување.

Секој вид од објектите од ИИИ-1 и ИИИ - 2 претставува еден степен на уреденост на градежно земјиште, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

III –3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:

а.) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

- основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни водоводи за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило.

б.) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Свети Николе, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физичко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства, но не подолго од пет години по целосната уплата на средствата од страна на инвеститорот.

III – 4 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето (инвеститорот).

Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учество во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од ЕВН - Скопје, КЕЦ - Штип.

Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради,

корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.

Трошоците за пресметување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за пресметување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган ги сноси корисникот на земјиштето.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ПРИХОДИ - РАСХОДИ

А.Извори на финансирање		
	ПРИХОДИ	ден.
1	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	6.000.000,00
2	Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини	600.000,00
3	Приходи од јавно осветлување	11.000.000,00
4	Приходи од закупнина на имот на општина Свети Николе	1.670.000,00
5.	Други неданочни приходи на општината	3.000.000,00
6	Трансфери од буџетот за локални патишта и улици	3.500.000,00
7.	Надомест од продажба на градежно земјиште	15.500.000,00
	ВКУПНО	**41.270.000,00**

Б. Расходи

			Буџет	**Донација**
Ф		**УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ**		
Ф1	**Ф10**	**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**		
		ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место - Урбанистичко архитектонски проекти и ревизија на горе наведените	1.500.000,00	
Ф2	**Ф20**	**УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**		
		Експропријација	500.000,00	
		Геодетски услуги	1.000.000,00	
		Надзор на изведбени работи во инфраструктурата и проектната документација	500.000,00	
		Подготвување на техничка домументација за сите видови на проекти и ревизија на горе наведените	1.000.000,00	
		Вкупно Ф	**4.500.000,00**	

			Буџет	**Донација**
Ј		**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**		
Ј0	**Ј0**	**ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**		

		Фарбање на жардињери	10.000,00	
		Санација и фарбање на клупи во парк и плоштад	10.000,00	
		Фарбање на мостовски констрикции	10.000,00	
			30.000,00	
J1	**J10**	**СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА**		
		Реконструкција на водоводна линија на ул. Македонска	250.000,00	
		Реконструкција на водоводна линија на ул.Скопска	300.000,00	
		Реконструкција на водоводна линија на крак од улица К.Мисирков, (од Т.Кочиев кон Горги Цуце)	250.000,00	
			800.000,00	
J2	**J20**	**ОДВОДНУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**		
		Реконструкција на колектор Центар - Каракански бавчи	1.000.000,00	
		Поврзување на Собрание до колектор - Мост	500.000,00	
		Изградба на канализација кај роми на Рудина	500.000,00	
		Реконструкција на речно корито на Горобинска река	500.000,00	
		Изградба на градска капела	3.000.000,00	
		Изградба на фонтана во градски парк	7.000.000,00	
		Одводнување во градски гробишта	1.000.000,00	
			13.500.000,00	
J3	**J30**	**ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**		
		Јавно осветлување - потрошувачка на ел.енергија	4.500.000,00	
		Одржување на јавно осветлување во градот и селата	350.000,00	
		Набавка на репро материјал	350.000,00	
		Новогодишно осветлување	150.000,00	
		Реконструкција на електро водови низ градот	300.000,00	
			5.650.000,00	**0,00**
J4	**J40**	**ЈАВНА ЧИСТОТА**		
		Чистење на јавно прометни површини	1.000.000,00	
		Чистење на градското речно корито (2 пати во годината)	200.000,00	
		Уредување на платоа за контејнери	30.000,00	
		изработка на заштитни мрежи за контејнери	30.000,00	
			1.260.000,00	**0,00**
J5	**J50**	**ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**		
		Организирање и уредување на постојки за патници	100.000,00	
			100.000,00	**0,00**
J6	**J60**	**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ**		
		Поставување на лежечки полицајци	300.000,00	
		Воведување на еднонасочен режим на сообраќај	**300.000,00**	

J7	**J70**	**ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**		
		Изградба на парковски површини со детски игралишта	500.000,00	
		Одржување на зелени површини околу зградите	150.000,00	
		Отстранување на исушени дрвја во градската средина и парковите	20.000,00	
		Хортикултурно уредување	160.000,00	
		Пошумување	100.000,00	
			930.000,00	
J8	**J80**	**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**		
		Рушење на бесправно изградени објекти	300.000,00	
		Ерадикација на животни скитници и дератизација	50.000,00	
		Изградба на комунална инфраструктура во населба Рудина (водовод и канализација)	5.000.000,00	
			5.350.000,00	
JД	**JД0**	**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ**		
		Изградба на булевар на ул.„В. Влаховиќ”- од „Младинска” до кантонче	3.000.000,00	
			3.000.000,00	
JИ	**JИ0**	**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**		
		Реконструкција на дел од влезна партија во прочистителна станица, испуст во речно корито, суви полиња	500.000,00	
		Изградба на атмосферска канализација на ул.Питу Гули (кај Стамен) и Кочо Рацин (кај Дардо)	3.000.000,00	
		Реконструкција на канализација од градски пазар до колектор до река	800.000,00	
			4.300.000,00	
JJ	**JJ0**	**ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИИ**		
		Расчистување на диви депонии	150.000,00	
		Рекултивирање на градската депонија „Љубин дол “	550.000,00	
		Уредување на простори за депонирање во селата	200.000,00	
			900.000,00	
JK	**JK0**	**ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**		
		Набавка на канти за смет 1/60	100.000,00	
			100.000,00	
JM	**JM0**	**ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**		
		Уредување на парковска површина во склоп на сточен пазар	350.000,00	
			350.000,00	**0,00**
JH	**JH0**	**УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**		
		Набавка и оставување на клупи за седење	150.000,00	
		Набавка и поставување на опрема за весници	20.000,00	

		Набавка и поставување на цветни жардињери	30.000,00	
			200.000,00	**0,00**
		ВКУПНО ЗА Ј - ПРОГРАМА	**35.770.000,00**	
		ВКУПНО Ј И Ф - ПРОГРАМА	**41.270.000.00**	**0,00**
		СЕ ВКУПНО	**41.270.000,00**	

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција.

V . ПОДРАЧЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште во град Свети Николе е поделено на 2 (две) зони според местоположбата во однос на централното градско подрачје.

Простирање на зоните е следното:

1.Подрачјето на 1-ва зона го опфаќа просторот помеѓу улиците:

Тргнувајки од раскрсницата помеѓу улица "Младинска" и „Карпошева", по улицата „Младинска" до спој со улица „29-ти Ноември", десно по улица „29-ти Ноември" до спој со улица „Јанко Глигоров", лево по улица „Јанко Глигоров" до спој со улица „Вељко Влаховиќ", десно по улца „Вељко Влаховиќ" се до сервисот „Бацоц", десно преку мостот на „Светиниколска река" до улица „Маршал Тито" (Дистрибуција), десно по улица „Маршал Тито" до спој со улица „Гоце Делчев" лево по улица „Гоце Делчев" со спој со улица „11-ти Октомври", десно по улица „11-ти Октомври" до спој со улица „Септемвриска", лево по улица „Септемвриска" до спој со улица „Крсте Мисирков", десно по улица „Крсте Мисирков" до спој со улца „Овчеполска", по целата должина на улица „Овчеполска" до спој со улица „Питу Гули", десно преку мост (кај Дардо) до улица „Кочо Рацин", по улица „Кочо Рацин" до спој со улица „Крсте Мисирков" и лево со улица „Крсте Мисирков" до раскрсница со „Младинска" и улица „Карпошева"

Надоместокот за прва зона останува како во програмата донесена за 2011 година

2. Подрачјето на 2-ра зона го опфаќа просторот ограничен со улиците:

Целиот друг простор на градот, освен површината опфатена во прва зона, населбата „Рудина" и населбата „Ливади"

Надоместокот за втора зона изнесува:

Како за втора зона донесена со програмата за 2011 година.

4. Како посебно подрачје ќе се земе просторот на новоформираните населби Рудина и Ливади

ВИ.Висина на комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Свети Николе

Трошоците за уредување на градежното земјиште во сите зони зависат од потребите и можностите согласно ДУП за вклучување на нови објекти; доградби и надградби, како и потребите од инсталации и пристапи до истите, односно во зависност од степенот на уредувањето. Пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се врши согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр.88/2009), ќе се пресметуваат и тоа:

2. За станбени објекти:
- станбени повшини, 1,0,
- станбени простории со висина до 2,50м, потпокривен процтор,
- лоѓија затворена од три страни, 0.4.
- подлогија затворена од две страни,0,3,
- балкони, тераси, 0,2,
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2,
- помошни простории,остава за гориво, котлари, визба , 0,3,
- трафостаници од 35 Кв во објектот и надвор од ојектот, 0,3,
- скалишен процтор и заеднички комуникации, 0,3,
- стражарница, управител, простории за одмор, 0,5,
- паркиралиштаи гаражи, 0,1.

2. За деловни јавни производни објекти:
- простории, 1,0,
- магацини, 0,5,
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3,
- трафостаница до 35 Кв во објект и надвор од објект, 0,4,
- скалдишен процтор и заеднички комуникации, 0,5,
- паркиралиштаи гаражи, 0,1,
- лоѓија затворена од три страни, 0,5,
- лоѓија затворена од две страни, о. 3,
- балкони, тераси, 0,4 и
- отворен наткриен процтор, о,3.

3. За други објекти:
- катни гаражи, о,2,
- спортски покриени објекти, о,5,
- спортски откриени објекти,0,3,
- бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0,
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0,
- базени, 0,2,
- трафостаници над 35 Кв, 1,0.

(2) По исклучок од став (1) на овој член , во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуват површините на:
- зидови и другите конструктивни елементи,
- инсталационите канали,
- окната на лифтови,
- окна на врати и
- отворени паркиралишта.

Врз основа на тоа висината на надоместокот е даден по зони пооделно:

ЗОНА - 1

1	комунален надоместок по основ на корисна станбена површина за новоградби, доградби и надградби	1.550,00 ден/м^2
2	Комунален надоместок по основ на корисна деловна површина за локации со неуреден партер, со обезбеден пристап и инстелации	2.900,00 ден/м^2
3	Комунален надоместок по основ адаптација од корисна станбена површина во корисна деловна површина	1.350,00 ден/м^2

ЗОНА - 2

1	комунален надоместок по основ на корисна станбена површина за новоградби, доградби и надрадби	1.450,00ден.м/^{2}

2	Комунален надоместок по основ корисна деловна површина за локации со неуреден партер, со обезбеден пристап и инстелации	2.300,00 ден/м^2
3	Комунален надоместок по основ на адаптација од корисна станбена површина во корисна деловна површина	850,00 ден/м^2

Населба "ЛИВАДИ" и "РУДИНА"

За новоформираните населби **"**Ливади**"** и **"**Рудина**"** ќе важат цените од 1 зона поради тоа што во истите има најголеми трошоци за инфраструктурно уредување.
Со оглед на тоа, што веќе има изградени објекти за кои ќе се води постапка за легализација, а кои имаат дел од инфраструктурата (водовод, канализација, електрика) наведената сума ќе се корегира доколку инвеститорите имаат писмен доказ за сопствени учество во постојните водови.

ИНДУСТРИСКА ЗОНА

Комунален надоместок по основ корисна деловна површина изнесува 1.000,00 ден/м^2

Оваа индустриска зона го опфаќа просторот од Земјоделското училиште кон Овче Поле, од двете страни на регионалниот пат Свети Николе - Овче Поле се до границите определени со ГУП. Инвенститорите кои ќе градат надвор од границите на ГУП се ослободени од трошоци за уредување на градежно земјиште, а истото треба да го направат сами и на своја сметка, но со претходно обезбедување на сите потребни согласности.

ИНДУСТРИСКА ЗОНА "МАЛО СТОПАНСТВО"

Како посебен простор се појавува планираната Малостопанска Индустриска зона, која го опфаќа реонот помеѓу реката Периш, патот од "Југосуровина" до Здружението на возачите и патот Куманово - Штип.

Висината на комуналниот надоместок за овој дел на индустриска зона ќе биде дополнително утврден со одлука на Совет на Општина Свети Николе по извршена детална анализа за изработка на инфраструктурата во овој дел на зоната **"**Мало стопанство**"**.

За корисна деловна површина со целосно уреден партер, трошоците за уредување на градежното земјиште на деловен простор со целосно уреден партер на секој локалитет посебно е различен без разлика во кој дел од градот е лоциран. Истиот зависи од степенот на уредувањето што ќе се предвидува со посебни Програми кои исто така ќе ги донесува Советот на Општина Свети Николе.

Според степенот на уредување и донесените Програми ќе бидат изготвени посебни пресметки од ЕЛС Општина Св.Николе, по кои ќе се врши лицитирање на локациите, а потоа ќе се врши уредување на партерот според Програмата и инвестиционо- техничката документација, која ќе биде изготвена за содветниот локалитет.

За лицата кои веќе имаат уплатено соодветен дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште, досега уплатените средства ќе се пресметуваат како соодветен платен дел од надоместокот во м^2, според важечките цени во моментот на плаќањето. Останатиот неизмирен дел за кој не е извршено плаќањето, до денот на стапувањето во сила на оваа Програма ќе се применуваат цените согласно оваа Програма.

Инвеститорите кои надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе го уплатуваат на одложено плаќање, уплатениопт дел од надоместокот ќе им се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето на истите. Доколку во меѓувреме настанала промена на цената, согласно Програмата, акт на Советот на

Општината или друг законски односно подзаконски акт, наплатата се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето.

Договорот за уредување на градежното земјиште помеѓу Општина Свети Николе и инвеститорот се заклучува по целосната уплата на надоместокот за уредување на градежно земјиата.

Советот на Општина Свети Николе може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објкет во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Општина Свети Николе при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финанирале во изработката на деталните урбанистички планови, само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено во тогашната програма.

При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Корисникот на градежно земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објкети во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат , Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежното земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуалната потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште по писмена формадиректно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена проверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Во случај кога опремувањето на градежното земјише е завршено во претходниот период за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување -целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делуно уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

За објекти за кои до донесување на Законот за Локална самоуправа има склучени Договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни Решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Свети Николе и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со Анекс договор кон основниот Договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За исотот корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ѓи извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверено од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на Локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат “прагови” во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниот начин:

-За вкупен износ на надоместокот до 32.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа при склучува на договорот во целост.

-За вкупниот износ на надоместокод од 32.000,00 денари до 96.000,00 денари надоместокод за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

- За вкупен износ на надоместокот над 96.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50 % при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

При наплатување на надомстокот за уредување на градежно земјиште во случај на легализација (каде има донесено ДУП-ови) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 еднакви месечни рати, без оглед на вивината на надоместокот, по утрдени законски акти.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од договорот помеѓу инвеститорот и органот на општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

VIII. ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1.Минималната корисна станбена површина за изградба на објект на нова локација на која се пресметува комунален надоместок се утврдува на (минимум) 140м^2.

2. Комунален надоместок за уредување на градежно земјиште за деловен простор од времен карактер се плаќа по Програма, како и за објекти од цврст материјал (стален карактер) само за корисна станбена површина на деловен простор.

3.Надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа спрема оваа Програма во висина на износот што е утврден според локалитетот кој се уредува. т.е. зоната. Според Програмата се утврдени 2 (две) зони кој го опфаќаат целото подрачје на изградениот стар дел на градот.

4. За изградба на нови објекти во дворно место или на местото на урнат објект се плаќа надоместок во висина утврдена со програмата, според локалитетот на кој се гради, намален за корисната површина на објектот кој се урива доколку истиот бил легално граден објект, и поседува уредна инвестиционо- техничка документација.

5.За бесправно изградени објекти, а накнадно вклопени (легализација) во Урбанистичкиот план ќе се плаќа комунален надоместок во висина утврдена со оваа Програма според локалитетот во кој се наоѓаат.

Договор за уредување на градежно земјиште помеѓу Општина Свети Николе и инвеститорот се заклучува по целосната уплата на надоместокот.

IX. НАДОМЕСТ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА

1. Градителите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

до 100.000,00ден	1%	
од 100.000,00 до 500.000,00 ден	0.6%	но не помалку од 1.000,00ден
од 500.000,00 до 1.000.000,00 ден	0,5%	но не помалку од 3.000,00ден
од 1.000.000,00 до 5.000.000,00 ден	0,3%	но ме помалку од 5.000,00ден
над 5.000.000,00 ден	0,2%	

Висината на надоместокот на градежните работи ќе се определува со превземање на цените од тендерската документација.

Доколку Локалната самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

Инвеститорите на градежни и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации, урбано-санационо мерки и слични работи на кој не се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вреднсота на градежните и градежно-занатските работи, но не помалку од 1000,00ден.

2. За изградба на објекти во село и вон населени места инвеститорите на стамбени објекти, јавни деловни, стопански И индустриски објекти, помошни прсотории, гаражи и сл. Кој се градат во урбано подрачје на населените места во Општина Свети Николе ќе плаќаат надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од 10% од надоместокот од втората зона во градот.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналната инсталација.

X. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО НЕУРБАНИЗИРАНИТЕ СЕЛСКИ НАСЕЛБИ

Во населените места во Општината - Свети Николе, надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа по зони и тоа на следниот начин:

Прва зона:

За КО: Пеширово, Амзабегово, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Црнилиште, Горобинци, КО Свети Николе - за земјоделско земјиште неопфатено во градежниот реон. Надоместокот за оваа зона ќе изнесува 400,00 денм2.

Втора зона:

За КО: Мездра, Долно Ѓуѓанци, Немањици, Трстеник, Сопот, Преод, Малино, Стањевци, Павлешенци, Мечкуевци, Ранченци и Кнежје. Надоместокот за оваа зона ќе изнесува 200,00 ден/м2.

Трета зона:

За сите други КО во Општината - Свети Николе, не се плаќа надоместок.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се однесува за изградба на индустриски објекти.

XI. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето ќе се врши по добивање на одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1.За спроведување на ова Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Свети Николе.

2.Градоначалникот на Општина Свети Николе е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ од над 20% да го информира Советот на Општина Свети Николе.

3. Ова Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

0701- 915
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе во 2011 година

Се објавува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе во 2011 година бр. 0701 - 916, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/35 **Градоначалник,**
29.12. 2010 год. **на Општина Свети Николе**
Свети Николе ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр. 26/96, 40/99, 96/2000, 29/02, 68/04 и 84/2008), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29 .12.2010 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А

за изградба, реконструкција и одржување на локални
патишта и улици во Општина Свети Николе, во 2011 година

Општи одредби:

Оваа Програма претставува синтеза помеѓу потребите за одржување на постојната локална патна мрежа, нејзината неопходна реконструкција како и планирањата за изградба на нови локални патишта на ниво на Општина Св.Николе од една страна, како и изградба, одржување и реконстрикција на улиците во град Св.Николе и пошироко во Општината.

Потребите од пробивање, модернизација и одржување (тековно и инвестиционо) на локалните патни правци отсекогаш биле и се од перманентно значење за комуникација помеѓу населените места во Општината. Исто така, патот заедно со водоснабдувањето и неки други основни предуслови за живот на човекот се основните потерби за развојот на стопанските капацитети од сите сфери на животот. Во таа насока, Општината Свети Николе како земјоделско сточарски регион во распространето ридско планонско подрачје, со доизградбата на потребната локална патна мрежа до сите населени места може да претендира на подинамичен развој, особено на сточарството, полјоделството, ловот, и планинскиот туризам во северозападниот дел на Општината во така нарачениот "Ѓуришки регион".

Без постоењето на соодветна патна мрежа комуникацијата помеѓу луѓето, размената на добра, дотурот на стока, а со тоа и секаква појава и иницијатива би се соочила со плоблеми уште во стартот. Токму од тие причини Општина Св.Николе, посветува исклучително внимание на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на постоечката патна мрежа, но ќе се залага за пробивање и изградба на локална патна мрежа до населените места каде тоа досега се уште не е сторено.

Потребите за развојот на локалната патна мрежа се уште се големи иако досега постигнатите резултати посебно во последните десетина годинни се видливи и дадоа друг белег на Општината. Ако кон сето ова се додаде и нејзината географска местоположба и потербата од регионално и магистрално поврзување на целиот источен регион кон главниот град на РМ, кој според сите природни правци логички би било да поминуваат низ Општината Св.Николе, тогаш се добива слика за потребите од развојот на патната мрежа во Општината на сите правци.

<u>Локални патни правци:</u>

Во општина Свети Николе, како локални патни правци се утврдени:

1. **Локален пат број 1, од село Амзибегово, спој со регионален пат Р-105, до село Црнилиште,** во должина од 3,56 км, ширина на коловозот 3,50 м асфалт и додатни банкини од по 1,00 метар од двете страни на патот;
2. **Локален пат број 2, од село Црнилиште до спојот со магистралниот пат М-5 кај село Сарамзалино,** во должина од 2,74 км, изработен од тампониран слој на чакал, од кој асфалтирана е делница од 1,3км;

3. **Локален пат број 3, од село Пеширово до село Црнилиште,** во должина од 1,4 км, и ширина на коловозот од 5,5 м, асфалтиран.
4. **Локален пат број 4, спој од регионален пат Р-105, кон село Ерџелија до село Мустафино ,** во должина од 7,7 км и ширина на коловозот од 5м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
5. **Локален пат број 5, од село Ерџелија кон село Кадрифаково** до спојот со магистралниот пат М-5 кај**,** во должина од 2,5,км и ширина на коловозот од 5,5 м изработен од тампониран слој на чакал;
6. **Локален пат број 6, од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Д.Ѓуѓанци,** во должина од 3,15 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
7. **Локален пат број 7, спој од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Стањевци,** во должина од 3,1км, ширина на коловозот од 5,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
8. **Локален пат број 8, од Свети Николе до село Кнежје,** во должина од 2,51 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
9. **Локален пат број 9, од село Горобинци до село Сопот,** во должина од 3,42км, ширина на коловозот од 3,50 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
10. **Локален пат број 10, од село Сопот преку село Преод до село Малино,** должина од 10,87 км, ширина на коловозот од 3,5 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
11. **Локален пат број 11, спој со магистрален пат" Овче Поле"до село Богословец,** во должина од 4,7 км, ширина на коловозот од 5,00 м тампонирана;
12. -**Локален пат број 12, од село Преод до село Крушица,** во должина од 3,5 км, земјен пат;
13. **Локален пат број 13, спој со магистрален пат М-5 кај" Овче Поле", до село Делисинци,** во должина од 2,5 км, ширина на коловозот од 5,00 м земјен пат;
14. **Локален пат број 14, од село Д.Ѓуганци до село Г.Ѓуѓанци**, пробиен патен правец;
15. **Локален пат број 15, од село Г.Ѓуѓанци до село Строиманци,** во должина од 3,2 км, исто така пробиен-**Локален пат број 16, од село Немањици до село Макреш,** во должина од 5,64 км, непробиен;
16. **Локален пат број 17, спој со регионален пат Р-210, кај село Мечкуевци до село Ранченци** во должина од 1,4 км, и ширина на коловозот од 5 м , асвалтиран;
17. **Локален пат број 18, од село Ранченци до село Патетини,** во должина од 3,2 км, и ширина на коловозот од 4 м - асфалтиран;
18. **Локален пат број 19, од село Немањици преку Буриловци до село Ерџелија,** во должина од 14,1 км, земјен пат;
19. **Локален пат број 20, од село Буриловци преку село Арбасанци до село Стануловци** во должина од 4,2 км непробиен земјен пат;
20. **Локален пат број 21, од село Малино преку Алакинци до село Стањевци,** во должина од 6,7км , непробиен земјен пат;
21. **Локален пат број 22, спој од регионален пат Р-201, кој село Мездра до село Орел во** должина од 3,51 км и ширина на коловозот од 3 м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
22. **Локален пат број 23,село Крушица до спој со пат Малино-Сушица,** во должина од 4 км тампониран, од кој 2,0 км е и асфалтиран.

Од вкупно 98,10 км локална патна мрежа кој се во надлежност на Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина на Општина Свети Николе, 37,72 км пат веќе се асфалтирани, додека останатите според некаков приоритет допрво ќе треба да се модернизираат т.е. изградат.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе, за 2011 година како извори за финансирање ќе ги има следниве:

А.	**ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ**	
1.	Трансфери од магистрални и регионални патишта	3.500.000,00
.		
	Вкупно:	**3.500.000,00**

Вака планираните средства во 2011 година ќе бидат потрошени за изградба на нови и одржување на постоечките локални патишта и улици како и за зимско одржување во тековната година и тоа по следниот распоред на:

		Р А С Х О Д И	
ЈД	**ЈД 0**	**Изградба и реконструкција на локалн патиштаи улици**	
		Санација и реконструкција на улични површини во градот	1.300.000,00
		Зимско одржување на локални патишта и улици	700.000,00
		Изградба на ул.„Григор Прличев”	1.500.000,00
		Се вкупно:	**3.500.000,00**

Реализацијата на ова Програма воглавно ќе зависи од приливот на планираните средства во сите ставки од приходите.

Доколку не се обезбедат палнираните средства, Општина Св.Николе ќе определи приоритет на планираните објекти по оваа Програма, како и степенот на реализација во рамките на обезбедените финансиски средства и други предуслови за отпочнување на работа. По потреба Програмата може да биде дополнувана, променувана

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:

Оваа Програма стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Св.Николе”.

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Васко Пашовски с.р.

Бр.0701-916
Свети Николе
29.12.2010

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2011 година бр. 0701 - 917, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/36
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02),

Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12..2010 година , донесе

ПРОГРАМА
за активностите на ОпштинаСвети Николе
во областа на образованието во 2011 година

I ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Активен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Планирање на развојот на образованието
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2010 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието;

1. ПРИХОДИ

Р.б	**Блок дотација по соодветна програма**	**износ**
1.	Основно образование- блок дотација	70.587.000
2.	Средства од Буџетот на општината-основно образование	1.918.000
3.	Самофинансирачки- основно образование	4.118.450
4.	Самофинансирачки- средно образование	9.670.000
5.	Средно образование-блок дотација	35.908.000
6.	Средства од донации	1.850.000
7.	Средства од Буџетот на општината-средно образование	18.000
	Вкупно:	**124.069.450**

Р.бр.	Активност	Носител	Предвидени средства				Вкупно
			МОН	Општина	Донација	Соп. приходи	
	I. АКТИВНОСТИ						
1.	Манифестација по повод започнувањето на школската година 2010/11	Општина Свети Николе		10.000			10.000
2.	Подршка на наставниот кадар за обука и професионалното усовршување	Општина Свети Николе		30.000			30.000
3.	Прогласување на најдобар наставник во основното образование	Општина Свети Николе		10.000			10.000
4.	Прогласување на најдобар наставник во средното образование	Општина Свети Николе		10.000			10.000
5.	Прогласување најдобар ученик средно образование	Општина Свети Николе		8.000			8.000
6.	Прогласување најдобар ученик основно образование	Општина Свети Николе		18.000			18.000
	ВКУПНО:			**86.000**			**86.000**
	II. ИНВЕСТИЦИИ						
Р.бр.	**Активност**	**Носител**	**Предвидени средства**				**Вкупно**
			МОН	**Општина**	**Донација**	**Соп. приходи**	
1.	Реконструкција на ООУ"Кирил и Методиј" по утврдени приоритети-полигон			850.000	1.850.000		2.700.000
2.	Реконструкција на ООУ"Гоце Делчев" по утврдени приоритети			500.000			500.000
4.	Реконструкција на О.О.У„ Даме Груев" по утврдени приоритети			500.000			500.000
9.							
	Вкупно:		**0.00**	**1.850.000**	**1.850.000**	**0.00**	**3.700.000**

Р.бр.	Активност	Носител	Предвидени средства				Вкупно
			МОН	Општина	Донација	Соп. приходи	
	III. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА						
1.	Блок дотација – основно образование - плати			63.530.233			63.530.233
2.	Блок дотација – основно образование – материјални трошоци и превоз			7.056.767			7.056.767
3.	блок дотација – средно образование – плати			31.005.222			31.005.222
4.	блок дотација – средно образование – материјални трошоци			4.902.778			4.902.778
5.	Приходи од самофинансирање – основно образование					4.118.450	4.118.450
6.	Приходи од самофинансирање – средно образование-плати					763.354	763.354
7.	Приходи од самофинансирање – средно образование-оперативни трошоци					8.906.646	8.906.646
		Вкупно:		**106.495.000**		**13.788.450**	**120.283.450**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година.

При реализирање на Програмата,Советот на Општина Свети Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и сл.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе”.

Совет на Општина Свети Николе
Васко Пашовски с.р.

Бр. 0701-917
Претседател,
Свети Николе

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита во 2011 година бр. 0701 - 918, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/37
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр. 5/02), член 5 од Законот на пожарникарство (“Сл. Весник на РМ” бр. 67/04), член 2 од Законот за управување со кризи (“Сл. Весник на РМ” бр. 36/04) и член 2 од Статусот за општина Св. Николе (“Сл. Гласник на Св. Николе” бр. 1/2006), Советот на општина Св. Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе:

ПРОГРАМА
За активностите на Општина Св.Николе во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита во 2011 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси активности во областа на противпожарната заштита, заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, општина Св. Николе во 2011 година овие активности ќе ги остварува преку Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Св. Николе, а ќе го покрива и подрачјето на соседната Општина Лозово.

I. Цели

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др.;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштита на лугето и материјалните добра ;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елеминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, спасување со кризи и противпожарна заштита.

II. Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон:

- Обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;
- Техничко осовременување на професионалната противпожарна единица;
- Обезбедување на услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица;
- Брзо и ефикасно дејствување на целото подрачје на Општина Св. Николе и Општина Лозово;
- Елименирање на согледаните пропусти и негативности.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според Програмата ќе биде реализирано од:

- Средствата на Буџетот на РМ;
- Средствата од Буџетот на Општина Св. Николе;
- Наплатени премиии од осигурување и имот на пожари;
- Наплатени премиии од осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни на сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштита од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини (Општина Лозово).

IV. Распоредување на финансиски средства

	Приходи	
1.	Наменска дотација	4.020.000
2.	Наплатени премии од каско осигурување	350.000
3.	Буџет на Општина Св. Николе	1.400.000
4.	Приходи од ПП услуги	100.000
5.	Приходи од други општини (Општина Лозово)	200.000
6.	Вкупно 1	4.020.000
7.	Вкупно 2 - 5	1.850.000
8.	Вкупно 1 - 5	6.070.000

	Расходи	
1.	Плати, наемнини и надоместоци за вработените	4.020.000
2.	Поправки и тековно одржување на возила	350.000
3.	Горива и масла за возила	350.000
4.	Регистрација за возила	70.000
5.	Набавка на антифриз	10.000
6.	Набавка на ПП униформи	250.000
7.	Набавка на техничка и заштитна опрема (ПП црева, млазници, напртњачи - В25 и друга ПП опрема)	350.000
8.	Електрична енергија	90.000
9.	Водовот и канализација	10.000
10.	Телефон	35.000
11.	Награди и признанија за најдобар пожарникар	20.000
12.	Канцелариски материал	5.000
13.	Средства за хигиена	15.000
14.	Одржување на инсталации, градежни делови на објектот, варосување, и одржување на електрични апарати и друго	250.000
15.	Прослава за ден на пожарникарите на РМ	15.000
16.	Непредвидени расходи	30.000
17.	Средства за доброволно противпожарно друштво	200.000
18.	Вкупно 1	4.020.000

19.	**Вкупно 2 - 17**	**2.050.000**
20.	**Вкупно 1 - 17**	**6.070.000**

V. Други форми на активности за подржување и помагање на ТППЕ

Освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат овие активности и со;

- обележување на Денот на пожарникарите;
- прогласување на најистакнат пожарникар во извршување на работните обврски при гасењето напожари;
- учество на Градоначалникот и преставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави.

VI.Завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Св. Николе

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Св. Николе ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози за врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Сл. Гласник на Општина Св. Николе,,.

бр.0701- 918
Свети Николе
29.12.2010година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2011 година

Се објавува Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2011 година бр. 0701 - 919, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/38
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на Р.М. “бр 5/02), како и член 40 став 2 од Статутот на Општина Свети Николе(Службен гласник бр.1/06) и член 125 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (Службен гласник бр2/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

ПРОГРАМА

за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2011 година

Комисијата за родова рамноправност е посебно тело на Општина Свети Николе формирана како постојана Комисија.

Комисијата за првпат е формирана со Решение бр.0701-260 на Советот на Општина Свети Николе на 16.05. 2005 година со назив Комисија за родова рамноправност, која има задача и цел да го промовира родовиот концепт на Општината.

Цел на Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принцпот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во полтиката, социјалната, образовната, економската, како и во други области од општествениот живот.

Задача на Комисијата е, да го вклучи родовиот концепт да биде во превентивата на процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област на сите нивоа.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за воспоставување и остварување на еднаквост меѓу жените и мажите, преку превенција и отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и воспоставување услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите свери на општественото живеење.

ОБЛАСТИ:

6. Управување со човечки ресурси
7. Социјална заштита
8. Економски развој
9. Човекови права
10. Здравство

ФОРМИ И ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ

- Организирање на јавни расправи по определени прашања;
- Организирање дебати за определени прашања;
- Јавни дискусии, тркалезни маси и апели;
- Работилници, , кампањи;
- Формирање на работни тела од НВО за организирано дејствување;
- Воспоставување партнерство со бизнис заедници;
- Влијание врз одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности меѓу половите и

УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

- Јакнење на свеста на жените и мажите за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот и во процесите на одлучување
- Изработка на база на податоци со родов концепт од иституции и правни субјекти
- Изработка на Акционен план за родова рамноправност

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Обезбедување релевантни, навремени и сеопфатни статистички показатели за корисниците на системот на социјална заштита од родов аспект и бројот на (жени самохрани мајки)

ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Промовирање на локални акции за вработување на жените
- Едукација за отпочнување на сопствен бизнис самовработување - бизнис план
- Дообразување и стручно оспособување ,преквалификација на жени од руралните средини
- Поттикнување за регистрирање на жената земјоделец

ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- Едукација на жените за човековите права
- Јакнење на свеста на локално ниво - почитувај ја жената
- Едукација на жените од руралните подрачја за своите права

ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ПРИ СИТЕ ВИДОВИ НА НАСИЛСТВО

- Отварање на центар за згрижување на жените- жртви на семејно насилство
- Спроведување на анкета за семејно насилство со општата популација
- Превенција и заштита на жртвите на трговијата со жени и деца

ЗДРАВСТВО

- Едукација за превентивна и навремена здравствена заштита на жените
- Едукација на населението за остеопороза

БУЏЕТ

ОПИС	Извори на финансирање од општина (во денари)	Други извори на финансирање (донатори)
Изработка на Акционен план за родова рамноправност	**30.000,00**	
Промовирање на локални акции за вработување на жените од Општина Свети Николе во соработка со Центарот за вработување (организирање на јавна трибина и тв. емисија)	**5.000,00**	
Едукација за отпочнување на сопствен бизнис самовработување изработка на бизнис план во соработка со Бизнис центарот при Општина Свети Николе	**10.000,00**	
Обука за превенција и заштита на жените при сите видови на насилство (трибина)	**5.000,00**	
Едукација на населението за остеопороза (трибина)	**5.000,00**	
ВКУПНО:	**55.000,00**	

За реализација на претходно наведените активности средствата во износ од 55.000,00 денари ке се обезбедат од општината, додека за дополнително финансирање на активностите ке бидат побарани средства од донатори.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”

Бр. 0701- 919
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2011 година бр. 0701 - 920, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/39
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ"бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2011 година

Рамка на програмата

Интензивирањето на меѓународната соработка е едно од приоритетните прашања во рамките на заложбите за динамичен развој на Општина Свети Николе. И покрај фактот што меѓународната соработка ќе биде во фокусот на вниманието по официјалниот старт на имплементацијата на втората компонента од Инструментот за предпристапна помош - ИПА, постоењето и одржувањето на оваа Програма оди во прилог на зајакнувањето на капацитетите на општината на планот на меѓународната соработка.

Досега, меѓународната соработка се остваруваше најмногу преку организацијата на културни манифестации од меѓународен карактер и недостигаа конкретни активности за продлабочување на соработката во сите области од работата на локалната самоуправа, а особено на планот на креирање и имплементација на заеднички проектни активности.

Според најавите од Делегацијата на Европската Комисија, во периодот што следи ќе се отворат можности за интензивирање на меѓународната соработка и на планот на инфраструктурниот развој и локалната економија како и на планот на регионалниот развој.

Општина Свети Николе веќе има воспоставено добра меѓународна соработка со збратимените градови Чичевац, Република Србија и Сапарева бања, Република Бугарија, на планот на размена на информации и искуства, како и иницирање на заеднички проекти. Наши уметници и писатели престојуваа на значајни културни манифестации во Република Бугарија, а меѓународната соработка во голема мера ја продлабочија и традиционалните културни манифестации на Општината од меѓународен карактер. Исто така Општината од септември 2010 година воспостави соработка и со општина Поликастро од Република Грција заради планирање и реализација на заеднички проекти во рамки на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р.Македонија и Р.Грција. На овој начин се отвори можност Општина Свети Николе заедно со партнер-општината од Р.Грција да аплицира и користи средства од оваа ЕУ Програма.

Општина Свети Николе е членка на Еврорегионот Морава – Пчиња – Струма и седиштето на овој регион е во Општина Свети Николе. Ова членство ја изразува подготвеноста и интересот на Општина Свети Николе за остварување на регионална и прекугранична соработка.

Евроинтегративните процеси отвораат многу можности за соработка и поврзување на регионите на територијата на Европа и што е најзначајно за општините и соработка на ниво на локална самоуправа.

Ова е особено значајно во процесот на идентификација на општини од странство, потенцијални партнери за реализација на комплементарни и комплексни проекти во рамките на ИПА.

Во текот на 2011 година Општина Свети Николе ќе работи на продлабочување на постоечките соработки и проширување на соработка и контакти со други општини и во останати области, од интерес за економски развој на Општината и нејзино пошироко промовирање. Во прилог на ова е и заложбата за проширување и продлабочување на соработката на Општината со дипломатските претставништва во земјава.

Во 2011 година меѓународната соработка покрај на интензивирањето на културната соработка ќе се фокусира на зајакнување на можностите и реализација на конкретни проекти со збратимените градови.

Од особена важност е реализацијата на проекти во областа на:

- локалниот економски развој и инвестиционите програми, посебно остварување на бизнис соработки;
- зајакнувањето на капацитетите во контекст на подобрување на услугите на граѓаните преку размена на позитивни искуства;
- заштитата на животната средина и природата;
- алтернативни форми на туризам;
- обновливи извори на енергија;
- урбанистичко планирање;
- образование;
- спорт и култура.

Генерална цел

Генералната цел на Програмата е да се продлабочи меѓународната соработка преку реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

Конкретни цели

- Продлабочување на соработката со збратимените градови на Свети Николе;
- Реализација на заеднички активности и проекти;
- Зајакнување на капацитетите преку размена на искуства;
- Можности за туристичка и економска промоција на Свети Николе.

Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

- Интензивирање на комуникацијата со збратимените градови на Свети Николе со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;
- Организиран престој на делегации во Свети Николе;
- Организирани посети на Градоначалнкот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови на Свети Николе;
- Организирање на средби и утврдување на конкретни активности;
- Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси;
- Размена на искуства;
- Примена на стекнатите позитивни искуства;
- Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации.

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината, чии членови ќе бидат вклучени во процесите на взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови. Од особена важност е Советот на општината активно да учествува со свои иницијативи во продлабочувањето на меѓународната соработка, посебно покренати од страна на Комисијата за евроинтеграции при Советот на Општина Свети Николе.

Секоја реализирана активност ќе биде од корист на граѓаните и можностите за интезивирање на развојот на локалната заедница, што како повратен ефект ќе обезбеди дополнителни приходи и ќе ја оправда Програмата и нејзината одржливост.

Ред. бр.	Активност	Буџет 2011
1.	Организиран престој на делегации во Свети Николе	150.000
2.	Организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација	80.000
3.	Проект "Комплетен пристап за заеднички менаџмент на природните ресурси во прекуграничната област за развој на еко туризам" во рамките на Програма за прекугранична соработка со Р.Грција	1.760.000
4.	Сопствено учество на општината во проект за реконструкација на објектот Дом на култура „Крсте Мисирков"	1.107.000
5.	Организирано учество на групи и поединци од општината на значајни манифестации, саеми и семинари во странство	369.000
6.	Кофинансирање на ИПА проекти	600.000
	ВКУПНО:	**4.066.000**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 4.066.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година и кофинансирани од страна на домашни и меѓународните институции, агенции и фондации.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој и Комисијата за евроинтеграции го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

Бр. 0701- 920
Свети Николе
29.12. 2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година бр. 0701 - 921, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/40
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 и член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“ Сл. Весник на РМ “бр. 5/02) ,Советот на Општина Свети Николе на ден 29.12.2010 година, донесе,

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2011 година

2. РАМКА НА ПРОГРАМАТА
ОСНОВА

Концептот на Односите со јавност како една од суштинските компоненти на современиот менаџмент, во Република Македонија е релативно нов и непознат.

Како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации помеѓу општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно највисоките европски и светски стандарди.

Наспроти фактот што стартуваше и втората фаза на децентрализацијата, само мал број општини во Македонија имаат лица за комуникација со јавноста и практикуват форми на зајакнување на комуникацијата со корисниците на услугите.

Поради овие состојби ЗЕЛС иницираше креирање на мрежа на лица за односи со јавност во која активно е вклучена и Општина Свети Николе.

Покрај програмската определба, општината работи и на обезбедување и усовршување на просторните и техничките услови за комуникација што беше повод за креирањето на едношалтерскиот систем и отварањето на истурената канцеларија во с. Ерџелија.

Комуникацијата со јавноста е динамична, неретко флексибилна компонента на менаџментот во јавната администрација која има потреба од постојано менување и доусовршување

Реализацијата на програмските определби на годишно ниво зависи од голем број внатрешни и надворешни фактори.

Програмскиот пристап кон односите со јавноста се базира на меѓусебното разбирање и треба да претставува мост помеѓу внатрешната перспектива и надворешното позиционирање на општината.

Бидејќи комуникацијата со јавноста опфаќа голем број на различни целни групи, мошне е важно наспроти флексибилноста точно да се утврдат програмските приоритети на годишно ниво.

Од друга страна треба да се има во предвид дека во услови кога промотивните активности имаат висока цена на пазарот, неопходно е да се изнајдат форми на комуникација со која општината би допрела до целната група со вложување на помалку средства.

Во изминатиот период тоа се постигнуваше преку објавување на информации во вид на соопштенија во локалните електронски медиуми , на Огласната табла во општината, печатени флаери или пак директна комуникација со претставници на целните групи.

Во изминативе години Општина Свети Николе воспостави систем на комуникација со различни целни групи. Воглавно три носечки целни групи се во фокусот на ориентација на општината во надворешната комуникација:

- Граѓаните корисници на услуги
- Здруженијата на граѓани (НВО секторот)
- Медиуми

Покрај овие три основни целни групи комуникацијата се остварува со голем број други целни групи со кои општината континуирано комуницира како што се:

- Бизнис сектор
- Месни и урбани заедници
- Домашни и меѓународни организации и фондации
- Национални и локални институции
- Фокус групи

Покрај програмските определби на годишно ниво, разновидноста и бројноста на целните групи налага секојдневна работа и усовршување на комуникацијата со секоја целна група поединечно.

Од големо значење за Општина Свети Николе е постоењето на Информативниот центар и Канцеларијата за едношалтерско работење со истурена канцеларија во село Ерџелија,која всушност е отворена канцеларија за граѓаните, како и службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, преку кое граѓаните можат да ги добијат сите информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

1.2.ОПРАВДАНОСТ
1.2.1. Приоритетни потреби:

- **Продлабочување на Комуникацијата со јавноста**

Подготовката и имплементацијата на еден ваков програмски документ е од големо значење за континуираниот процес на информирање на граѓаните за сите активности на општината како и соработката со граѓаните во рамките на планирањето и реализацијата на сите идни активности од значење за развојот на локалната заедница.

Задоволството на граѓаните од услугите што им ги нуди општината зависи и од степенот на информираноста за видот на услугите и начинот на давањето на тие услуги.

Со цел да ги подобри условите за комуникација, покрај постоењето на Граѓанско информативниот центар,воведен е едношалтерски систем преку кој граѓаните ке можат на едно место да ги добиват услугите од урбанизам, даноци, општи правни работи, и се она што е во надлежност на локалнта самоуправа согласно Законот за локална самоуправа

Општина Свети Николе во 2011 година, согласно Програмата ќе работи на следниве приоритетни потреби:

- Зајакнување на капацитетите за промоција и комуникација со јавноста;
- Зајакнување на креативните капацитети за подготовка и реализација на кампањи за промоција на општината;
- Интензивирање на комуникацијата со граѓаните;
- Реализација на презентации и емисии посветени на работата на Општината
- Редовна посета на месните заедници и информирање на населението;

- **Промоција**

Вклучување на промоција во буџетското планирање, преку која ќе се овозможи достигнување на конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање на брошури, чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалнта заедница.

Утврдувањето на постоечки капацитети за развој на промотивната активност, интерно во општинската администрација уште повеќе ја нагласи потребата од искористување на постојните капацитети во реализација на атрактивен промотивен материјал.

Промоцијата исто така овозможува интензивна соработка и размена на идеи со бизнис заедницата што е уште една придобивка за Општина Свети Николе.

Целта на оваа Програма е да обезбеди стратешки пристап во организирањето и спроведувањето на кампањи за промоција на Општина Свети Николе во текот на 2011 година.

Секоја кампања поради природата на проблемот или темата што ја третира бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за општината и услугите со кои општината може да им помогне.

1.2.2. Предложен пристап

Тимот на Општина Свети Николе за управување со квалитет со кој раководи Градоначалникот, а во него работат раководните државни службеници од секторите и одделенијата, ќе ги разгледува предлозите за организирање на кампањи чија цел е промоција на општината во целост или промоција на одредена активност или услуга.

Тимот ќе утврди пристап за промоција на општината за секоја кампања поединечно.

Пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Генерална цел:

Промоција на општината и воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

Цели:

- Подготовка и реализација на кампањи за промоција и информирање на јавноста;
- Продлабочување на комуникацијата со сите целни групи на граѓани - корисници на услуги;

Целни групи

- Сите граѓани корисници на услуги
- Здруженија на граѓани

- Бизнис сектор
- Медиуми
- Потенцијални инвеститори
- Туристи и посетители
- Донатори
- Меѓународни организации
- Урбани и месни заедници
- Претставници на збратимени општини и општини пријатели на Свети Николе

Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

- Подготовка и реализација на кампања за услугите што можат да ги добијат во едношалтерската канцеларија
  (печатење на флаер, изработка и емитување на тв.и радио спот, плакат)
- Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота и управување со цврст комунален отпад (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат)
- Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци
  (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат);
- Презентации посветени на работата на општината;
- Поставување на инфо киоск во градското подрачје

Треба да се има во предвид дека списокот на активности сублимирани во поимот "промоција" зависи од многу фактори како на пример од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на програмата.

Очекувани резултати

- Интензивирана промоција на општината
- Зголемена информираност на граѓаните
- Зголемено учество на граѓаните
- Зголемен број на проекти со учество на НВО , бизнис секторот и медиумите
- Зголемен број на инвеститори
- Зголемен број на туристи и посетители

Очекувани продукти

- Расположиви брошури и флаери за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Иифо центарот и едношалтерскиот сервисен центар;
- Расположиви брошури за кампањи од јавен интерес
- Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење;
- Подготвени и емитувани аудио и тв спотови

3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Покрај општинскиот тим во организацијата на програмата ќе се вклучат Градоначалникот и Советот на Општина Свети Николе кои со свои идеи и решенија можат да придонесат за успешна реализација на програмата.

Сите предложени решенија ќе ги разгледуват сите учесници за секоја кампања поединечно.

Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на НВО секторот, бизнис секторо и медиумите.

Развојниот тим ќе ги рагледува ефектите од секоја кампања.

4.ОДРЖЛИВОСТ

Креативниот пристап, располживите човечки и технички ресурси и флексибилноста на Програмата оди во прилог на одржливоста и усовршувањето.

БУЏЕТ

ОПИС	Буџет 2011
Подготовка и реализација на кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат во едношалтерската канцеларија (печатење на флаер, изработка на плакат, изработка и емитување на ТВ и радио спот)	30.000,00
Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота и управување со цврст комунален отпад (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат)	20.000,00
Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци (изработка на флаер, ТВ и радио спот, плакат)	20.000,00
Издавање на општински весник (6 броја)	120.000,00
Презентации посветени на работата на општината	20.000,00
Дневни телевизиски емитувања на прилози, целосно снимање и презентација на седници на совет, соопштенија, известувања и други информативни материјали на локална и национална телевизија.	240.000,00
Соопштенија и информации на радио и пишани медиуми	60.000,00
Поставување на инфо киоск во централното градско подрачје	70.000,00
Непредвидени трошоци	10.000,00
ВКУПНО	**590.000,00**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Свети Николе

0701- 921
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2011 година бр. 0701 - 922, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/41
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа
на спорт и млади во 2011 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади во 2011 година се:

1. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.
2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните,особено младите и здруженијата на граѓани.
3. Афирмација на Општина Свети Николе во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Свети Николе во државата и надвор од неа.

Р. бр.	**Активност**	**Носител**	**Предвидени средства од Општина Свети Николе**	**Вкупно**
I.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ				
1.	Турнир во мал фудбал	Општина Свети Николе	70.000,00	70.000,00
2.	Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2011 година	Општина СветиНиколе	20.000,00	20.000,00
		Вкупно: 90.000,00		**90.000,00**
	Активност	**Носител**	**Предвидени средства од Општина Свети Николе**	**Вкупно**
II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ				
1.	Р.К Овче Поле- МИ Свети Николе		300.000,00	300.000,00
2.	Кошаркарски клуб Овче Поле Свети Николе		80.000,00	80.000,00
3.	КМФ „Алгомак„ Свети Николе		100.000,00	100.000,00
4.	Женски ракометен клуб Славјански универзитет Овче Поле Свети Николе		100.000,00	100.000,00
		Вкупно:		**670.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Николе, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2011 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе спортските манифестации ќе ги помага и со:
- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:
-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе”.

0701- 922
Свети Николе
29.12.2010година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател

Васко Пашовски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на кулотурата во 2011 година бр. 0701 - 923, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/42
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година донесе

ПРОГРАМАТА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата во 2011 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

4. Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
5. Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Свети Николе;
6. Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

II.. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина за реализирање на оваа Програма ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целта на

оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно уметнички манифестации;
- Реализација на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Свети Николе;
- Создавање услови за гостување на еминенти уметници од Република Македонија и странство во Општина Свети Николе;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Свети Николе;
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации,организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

I.ПРИХОДИ

Ред број	**Блок дотација по соодветна програма**	**износ**
1.	Библотечна дејност - К1	40.000
2.	Музичко и сценско-уметничка дејност - К2	3.031.896
3.	Музичко-кинотечка дејност- К3	2.736.384
4.	Самофинансирачки активности	460.000
5.	Средства од Буџет на општина	1.362.400
6.	Средства од Министерство за култура	500.000
6.	Донации	60.000
	Вкупно:	**8.190.680**

II. Приходи од самофинансирачки активности

Приходно конто	**Вид на приход**	**Износ**
723411	Членарина во институции од областа на културата	143.000
723412	Приходи од билети за културни-манифестации	100.000
721319	Други приходи од имот	125.000
723911	Закупнина од објекти	20.000
725922	Приходи од осигорување на имот	40.000
725939	Останати неданочни приходи	32.000
	Вкупно:	**460.000**

	Мин. за култура	Буџет Општина Свети Николе	Сопствени Приходи	Донација
Новогодишна програма		100.000		
Фестивал на изворен фолклор Тодорица		150.000		60.000
Ден на Општина – 14 Септември		50.000		
Светониколско културно лето		150.000		
Меѓународна културна соработка		50.000		
Патрон на градот Свети Никола		200.000		
КУД Јанко Глигоров		30.000		
Промоции на книги		20.000		
Ден на шегата - априлијада		10.000		
Електрична енергија		80.000		
Средства за исплата на други договорни услуги		332.400		
Организирање на Ѓуришка колонија		20.000		
Драмски аматерски театар „Сцена 71”		170.000		
ИНВЕСТИЦИИ				
Средства предвидени од страна на Мин. за култура	500.000			
ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ		4.268.280		
ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ		1.540.000		
ОПЕРАТ. РАСХОДИ ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ			460.000	
Вкупно:	**500.000**	**7.170.680**	**460.000**	**60.000**

III.

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерството за култура, од Буџетот на Република Македонија, од донации и од Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Свети Николе ќе ги подржи институциите и здруженија на граѓаните кои ќе реализираат проекти поврзани со културата

IV. Манифестации поддржувани со други форми на активности

Ден на Општината

За 14 Септември, Денот на Општина Свети Николе се подготвува посебна програма проследена со содржини од областа на културата, свечената седница на Советот на Општина Свети Николе и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободување на градот.

Манифестација „Свети Никола"

Манифестацијата за одбележување на **Патронот на градот „Свети Никола"** од 2010 година се прошири со една од веќе постоечките манифестации. Во оваа програма се предвидоа награди за најуспешните, како и доделување на награди за најуспешни ученици за во основно(од секое училиште најуспешен) и за во средно образование За одбележувањето се предвидени и награди и признанија за почесни граѓани и се доделуваат плакети за најзаслужни и истакнати граѓани во Општина Свети Николе.

За програмата за Нова година се предвидени голем број на активности кои се поврзани со украсување на градот и Програми во основните училишта како и доделување на пакетчиња за најмалите.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

Бр. 0701- 923
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на локален економски развој во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на локален еконосмки развој во 2011 година бр. 0701 - 924, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/43
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29. 12. 2010 година, донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе во областа на
Локалниот економски развој во 2011 година

Рамка на програмата

Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува:

„Локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство".

Оваа област е предмет на уредување со следните закони:

- Закон за трговија („Сл. весник на РМ" бр. 16/04)
- Закон за угостителска дејност („Сл. весник на РМ" бр. 62/04)
- Закон за вршење на занаетчиска дејност („Сл. весник на РМ" бр. 62/04)
- Закон за туристичка дејност („Сл. весник на РМ" бр. 62/04)
- Закон за заштита на потрошувачите („Сл. весник на РМ" бр. 38/04)
- Закон за трговски друштва („Сл. весник на РМ" бр. 28/04).

Горенаведените закони вклучуваат одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат. Напорите на Општина Свети Николе во 2011 година ќе бидат насочени кон ревидирање на дел од постоечките акти, како и донесување на нови, со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој во текот на 2011 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој според утврдените развојни правци во Стратегијата за локален економски развој и Нацрт Стратегијата за локален развој на Општина Свети Николе. Во 2011 година Општината ќе ги насочи своите активности кон поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, поддршка на рурален развој и промоција на алтернативни форми на туризам – како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања.

Цел

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Свети Николе.

Програмски активности

Проектите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на Општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2011 година, тековните задачи ќе се однесуваат на воспоставување и ажурирање на интегрирана база на податоци за МСП секторот во општината, давање на консултантски услуги на МСП секторот, организирање на обуки, семинари и работилници за МСП, состаноци со МСП по дејности, посредување при вработување во МСП, како и остварување на контакти и соработка со релевантни домашни и меѓународни организации и институции.

Општина Свети Николе ќе се вклучи во организирање на кампањи и саемски промоции за поддршка на активностите за локален и регионален економски развој, поддршка на бизнис секторот и промоција на инвестиции.

Програмата за локален економски развој ќе ја поддржува реализацијата на инвестициските проекти преку активности за промоција на општинските потенцијали, капацитети како и одредени олеснувања кои ги нуди општината за започнување на нови бизниси и привлекување на инвестиции.

Предвидените активности, генерално можат да се групираат во:

Поддршка на локалниот економски развој

Ред. бр.	**Активност**	**Буџет 2011**
1.	Сопствено учество на општината во проект за организирање на локален саем на храна и пијалоци	30.000
2.	Дизајн и печатење на Туристички водич за Свети Николе	150.000
3.	Изработка на физибилити студија за ревитализација на Старата светониколска чаршија	150 000
4.	Поставување на табли за информирање на граѓаните	60.000
5.	Сопствено учество на општината во проект за Изработка на физибилити студија за изведба на единствен систем за одведување и пречистување на отпадни води за индустриската зона Овче Поле и 6 меѓусебно поврзани селски населби	401.050
6.	Истражување на потенцијалот за развој на различни форми на алтернативен туризам во општината, утврдување и промоција на туристичка понуда	90.000
7.	Изработка на веб портал за локалната понуда/ побарувачка на работна сила и промоција на бизнис секторот	150.000
8.	Подготовка и печатење на промотивни материјали	300.000
9.	Настап на саемски манифестации	60.000
10.	Обновување и промоција на локални занаети –практични работилници за млади занетчии, изложба на занаетчиски производи	60.000
	ВКУПНО:	**1.451.050,**

Поддршка на регионалниот економски развој

Ред. бр.	Активност	Буџет 2011
1.	Учество во финансирање на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион	18.485 (10 ден./жител)
2.	Учество во регионални проекти	500.000
	ВКУПНО:	**518.485**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 1.969.535,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2011 година и кофинансирани од страна на домашни и меѓународните институции, агенции и фондации.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

Бр.0701- 924
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита во 2011 година бр. 0701 - 925, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/44
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) и чл.6, став 1 од Законот за социјална заштита (Сл.весник на РМ-бр.21/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12.2010 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Св.Николе
во областа на социјалната заштита во 2011 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Св.Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст;
- Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Св.Николе во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање услови за формирање сервис за дотур на храна и лекови и грижа на стари и изнемоштени лица;
- Продолжување со проектот Народна кујна со проширување на опфатот на корисници од руралните средини;
- Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;
- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на лица – жртви на семејно насилство;
- Помош на лица со посебни потреби;
- Давање на финансиска поддршка на жените заболени од рак на дојка
- Промовирање на родовата рамноправност;
- Изградба на објект од социјален карактер

I. ПРИХОДИ

Р.бр	**Извори на финансирање**	**износ**
1.	Средства обезбедени од блок дотациии	19.554.407,00
2.	Средства обезбедени од целодневен престој	5.745.400,00
3.	Средства обезбедени од надомест за оброк во детска градинка	653.600,00
4.	Средства од донации	450.000,00
5.	Средства обезбедени од Буџетот на општина Свети Николе	1.295.000,00
	ВКУПНО :	**29.198.407,00**

II. РАСХОДИ

	Активности	**Дотација 2011**	**Буџет 2011**	**Донација**	**Сопствени приходи**	**Вкупно**
1	Сервис служба за дотур на храна и лекови на стари и изнемоштени лица		60.000			60.000

2	Организирање на едукации за превентива и надминување на социјалните проблеми поврзани со малолетничкото девијантно однесување					
3	Превоз за лицата со посебни потреби		35.000			35.000
4	Набавка на социјални пакети за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди					
5	Печатење на промотивен материјал		60.000			60.000
6	Доизградба на објект од социјален карактер		1.050.000	1.500.000		1.050.000
7	Канцелариски материјал за децата со посебни потреби		40.000			40.000
8	Едукации на лицата со посебни потреби во Дневниот центар за лица со посебни потреби		50.000			50.000
9	Набавка на возило – комби за превоз на лица со посебни потреби			300.000		300.000
10	Давање на финансиска помош на жени заболени од рак на дојка			150.000		150.000
	Вкупно					
	(II) **Трансфер на средства**					
1	Блок-дотации Детска градинка – плати и хранарини	15.797.316				15.797.316
2	Блок-дотации Детска градинка-материјални трошоци	3.757.091				3.757.091
3	Приходи од самофинансирање-Детска градинка				6.399.000	6.399.000
	Вкупно:	**19.554.407**	**1.295.000**	**1.950.0000**	**6.399.000**	**29.198.407**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Св.Николе предвидени за 2011 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Св.Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министрерството за труд и социјална политика на Република Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

Дополнителни, проекти и активности ќе предлага Комисијата за општествени дејности и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Св.Николе.

V.АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Св.Николе делуваат неколку здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално запуштени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од дроги и други наркотици. Општината Св.Николе ќе ги поддржи активностите на отворените дневни центри за згрижување и социјализација..

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Св.Николе се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл.гласник на Општина Св.Николе.

0701- 925
Свети Николе
29.12. 2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател

Васко Пашовски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за активностите на Општина Свети Николе за подршка на НВО секторот во 2011 година

Се објавува Програма за активностите на Општина Свети Николе за подршка на НВО секторот во 2011 година бр. 0701 - 926, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/45
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 29.12. 2010 година ,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Свети Николе
за поддршка на НВО секторот во 2011 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2011 година се:

1. Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.
2. Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.
3. Афирмација на Општина Свети Николе како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,
- обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани
- воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,
- афирмација на Општина Свети Николе во државата и надвор од неа

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Свети Николе ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

ПОДДРШКА НА НВО		**Буџет 2011**	
1.	Организација на резервни офицери на РМ Општинска организациона единица Свети Николе	Општина Свети Николе	20.000,00
2.	Здружение на борци од воен конфлик 2001-2002 за Општина Свети Николе„ Александар Серафимов„	Општина Свети Николе	35.000,00
3.	Организација на жени на општина Свети Николе	Општина Свети Николе	30.000,00
4.	Здружение за едукација и развој ПОТТИК – КРСВН Свети Николе	Општина Свети Николе	110.000,00
5.	Градско Мандолинско Друштво Свети Никола Свети Николе	Општина Свети Николе	105.000,00
6.	Здружение „Демократија”	Општина Свети Николе	200.000,00
6.	Народна Техника Свети Николе	Општина Свети Николе	20.000,00
	ВКУПНО:		**520.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Никоеле од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2011 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.
-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Оддлението за образование, култура, здравство, социјална заштита и соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Свети Николе.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

0701- 926
Свети Николе
29.12.2010 година

Советот на Општина Свети Николе
Претседател
Васко Пашовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за изработка, измени и дополнувања на урбанистичките планови на територијата на Општина Свети Николе
за 2011 година

Се објавува Програма за изработка, измени и дополнувања на урбанистичките планови на територијата на Општина Свети Николе за 2011 година бр. 0701 - 927, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година.

Бр. 0801-876/46
29.12. 2010 год.
Свети Николе

Градоначалник,
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.51/05, 137/07,бр. 91/09 и 124/10), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.12. 2010 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2011 година

Со стручно следење од спроведувањето на урбанистичките планови и согледување на степенот на реализација на плановите, со активно учество на партиципативното тело се утврди дека во текот на 2011 година има потреба од изработка на следните урбанистички планови:

1.Изработка на нов ГУП за град Свети Николе;
2.Одлука за проширување на ГУП во м.в. “Велешки пат”.
3.Изработка на ДУП за постоечката индустриска зона;
4.Изработка и донесување на УП вон населено место викано “ГЛАДНА”, на потегот од надвозник с. Ерџелија до река Азмак од десна страна на регионалниот пат Куманово – Штип;
5.Изработка и донесување на УП вон населено м.в. “ВРШНИК” на потег меѓу “МИК” Свети Николе, раскрсница Кадрифаково и железничка линија Велес – Штип;
6.Изработка и донесување на УП вон населеното место с. Кадрифаково;
7.Изработка и донесување на УП вон населено место за локалитет “Мездра”;
8.Изработка и донесување на УП вон населено место с.Павлешенци;
9.Изработка и донесување на УП вон населено место КП 5776 и КП 5777 м.в. Црнилишки пат;
10.Изработка и донесување на УП вон населено место м.в. “Смкнат брег” КО Свети Николе;
11.Изработка и донесување на УП вон населено место м.в. “Црн камен” КО Свети Николе;
12.Изработка и донесување на УП вон населено место м.в. “Мавровица” за КП 2269 и КП 2270, КО Свети Николе;
